Универзитет " Свети Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Скопје

# *Стојан Новаковиќ – Дипломат, политичар и интелектуалец*

Магистерски труд

Ментор;

Проф. Д-р. Далибор Јовановски

Кандидат:

Васко Дукмеџиев

Скопје, 2009

# Предговор

Одлуката за започнување на процесот за создавање на овој магистерски труд беше донесена по неколку заеднички разговори со мојот почитуван професор и ментор проф. д-р Далибор Јовановски. Мојата желба за истражување на области од историјата на дипломатијата и неговата стручност кон Балканските политички и дипломатски односи допридонесоа да започнам со истражување на темата „Стојан Новаковиќ – Дипломат, политичар и интелектуалец".

Истражувањето го започнав во просториите на Институтот за национална историја, Државниот архив на Република Македонија и МАНУ.

Во оваа прилика би сакал да се заблагодарам на вработените во институциите кои ми помогнаа во текот на целото мое истражување. Првенствено би сакал да му се заблагодарам на мојот драг пријател, професор и ментор Проф. Д-р Далибор Јовановски за големата помош и постојаната поддршка во текот на целиот процес на изработка на овој магистерски труд. И на крајот би сакал да им се заблагодарам и на останатите двајца мои професори кои ми помогнаа во процесот на изработка на ова дело, проф. Д-р Кочо Сидоски и проф. Д-р Ванчо Ѓорѓиев.

# Стојан Новаковиќ – дипломат, политичар и интелектуалец

## Вовед

Стојан Новаковиќ е една од најмаркантните личности во историјата на Србија во деветнасетиот и првата половина на дваесетиот век. Главните активности во неговиот животен век биле поврзани со политиката, дипломатијата и науката во Србија. Подоле во овој труд ќе го обработиме текот на целиот негов работен век, неговите активности кои се преплетуваат, како шеф на политичка партија, државник, дипломат и интелектуалец особено во српската историја, опседнат и со судбината на српскиот народ како во Србија така и надвор од нејзините граници. Пишувајќи како историчар на бројни теми за минатото на Србија, многу полесно можел да ја разбере и анализира состојбата во Србија како политичар односно Новаковиќ токму преку минатото ги барал одговорите и пораките кои сакал да ги прати на неговите сонародници. Темите кои ги работел го опфаќале периодот од 14 и 15 век односно средновековната историја на Србија и нејзината обнова во 18 и 19 век, како и поедини случувања на Балканот од неговото време

како сопствен сведок на нив. Анализирајќи ги случувањата и личностите од своето време, Новаковиќ како непосреден сведок во самите настани можел да донесе доста податоци поврзани со нив. Во политичкиот живот на Србија учествувал од шеесесетите години на 19-от век па се до својата смрт во февруари 1915-та година. Како член на раководството на Обединетата српска младина, министер за образование во Либералната партија, еден од водачите на Напредната партија, министер за образование и внатрешни работи во владата на Напредните, претседател на влада, министер за надворешни работи, амбасадор во Цариград, Париз и Петровград и пратеник во Српкото собрание Новаковиќ бил често во центарот на политичките случувања.

На настаните во политиката не гледал само како учесник туку и како творец. Ги проценувал сите политички фактори и не подлегнувал под влијание на личностите околу него, останал критички да расудува кон сите до крајот на својот живот. Едно време бил близок со кралот Александар Обреновиќ, но исто така имал добар прием и на дворот на Караѓорѓевиќ. Бил противник на автократското водење на државата и упорен поборник за носење на устав во кои парлементарните тела би имале пресудно влијание врз водењето на државата. Бил голем патриот и искрен борец за ослободување на српскиот народ. Во своите погледи на надворешната политика на нова Србија после нејзиното меѓународно признавање, ќе видиме дека бргу се одрекол од австрофилските чуства и станал приврзаник на Русија и западните земји. Тоа Новаковиќ имал можност да го прикаже и преку долгогодишната дипломатска работа и кариера.

За да се прикаже целокупната работа на Стојан Новаковиќ, на било кое поле, пред се мора да се претстави неговата личност во целина. Се работи за човек кој работел и творел половина век, човек чија што особина била како стареел така и неговите дела

станувале се побогати, позрели и подлабоки во својата содржина. Во својата младост започнува со работа на српскиот јазик, потоа поминува на историја на книжевноста и во староста завршува со класична историја. Но политиката и дипломатската работа не му сметале врз неговата научна работа туку напротив во одредени околности и му помагале. Многу рано ќе се афирмира како научен работник. Сосема извесно е дека улогата која ја имал во Србија е резултат на неговата интелектуална разновидност плус неговиот голем работен труд од преку 400 различни издадени дела, кои одиграле голема улога во неговиот широк диапазон на следење и анализирање на сите дејности кои се одвивале во тој период во Србија па и на Балканот.

Овој труд ги обработува детално неговиот политички и дипломатски ангажман, неговата интелектуална, академска работа и неговиот профил како личност.

# Глава 1

## Школувањето на Стојан Новаковиќ

Родното место на Стојан Новаковиќ е Шабац, град основан од Турците, со голема важност за понатамошните турски освојувања, населен во деветнаесетиот век со бегалци од Босна и Херцеговина меѓу кои најверојатно биле и неговите родители. Стојан или правилното негово крстено име Коста роден е во Шабац на 1 ноември 1842 година. Татко му Јован бил столар, по потекло од Босна Краина сиромашен, но поштен човек. Во Шабац Новаковиќ ќе го помине своето детство, основното училиште и четири класа на гимназија. За неговите основни школски денови не се знае многу. Четирите класа гимназија ќе ги учи од 1853 година до 1857 година, за потоа да продолжи во Белград и со петиот клас.

Додека Новаковиќ одел во прво, второ и трето одделение во Шабачката гимназија латински јазик и географија му предавал Марко Маринковиќ, германски јазик Стојан Бошковиќ, математика Јован Илиќ. Во четврто одделение Бошковиќ почнал да му предава и историја на Србија. Може да се заклучи дека на Новаковиќ му предавале познати професори како Јован Илиќ и Стојан Бошковиќ кој едно време бил и министер на Србија. Бошковиќ го приметил младиот Коста дека е талентиран ученик,

па влијаел кај татко му тој да го продолжи школовањето во Белград[1]. Подоцна ќе се развие пријателство помеѓу нив двајцата, но нема да биде исто во споредба со односот и влијанието кое ќе го има Јован Илиќ[2] спрема него. Илиќ како поет, либерал и професор издал две збирки,но исто така пишувал и за ;"Српски новини", "Српски народен лист". Дел од неговото знаење и искуство ќе му пренесе и на Новаковиќ. Стојан рано ќе ја засака книгата и со нејзе се дружел до крајот на својот живот. Како син на сиромашен столар во основно и средно училиште бил неверојатно талентиран ученик. Уште тогаш важел помеѓу неговите соученици како првак во нивниот клас. Се истакнувал со својата активна работа и читање на книги. Желбата која ја имал за знаење го натерала подоцна и тој самиот да почне да пишува за тоа што го знае. На формирањето на неговата личност секако големо влијание имала средината и местото каде израснал. Тоа било гратчето Шабац, во тој период Србија во мало, место во кое сеуште било свежо востанието против Турците и во чија средина сеуште имало учесници од тоа востание кои оставиле впечаток врз Стојан[3]. Но процесот на формирање на Стојан како целосна личност секако не завршил во Шабац, туку продожил во Белград каде врз него ќе влијае и европската наука.

Во средината на 19 век Белград[4] започнал да го менува својот лик, со градење на нови згради во австриски стил, градење на улици, реновирање на стари куќи почнало да го снемува турскиот стил на живеење. Поволната географска положба имала влијание за развој на трговија и занаетчиство, но

[1] Новаковић, Стојан, Споменица, Српска књижевна задруга, Београд, 1921. , 26.
[2] Јован Илиќ – завршил филозофски во Виена, бил професор, книжевник, министер за правда и државен секретар, (роден во Белград 1824 година починал во Белград 1901 година).
[3] Новаковић, Стојан, Споменица..., 26.
[4] Pavlowitch, Stevan, Serbia-The history behind the name, Hurst & CO. London, 2002. Само Белград и Ниш во 1878 година имале повеќе од 10 000 жители, дури 87 % од вкупната територија на Србија била рурална средина.

и за прилив на нови жители од останатите градови на Србија, Австрија, Македонија и Косово. Со заминувањето на Турците се изменил и составот и популацијата на жители во Белград. Претходно најмногубројни биле Турците, па Србите, Грците и Власите. Најмногу доминирал трговскиот капитал и долго време трговијата била во рацете на Грци, Евреи, Власи и Ерменци, а српските трговци напорно се обидувале да ги потиснат нив. Цветала увозната и извозната трговија, додека банкарскиот и индустрискиот дел се уште не биле присутни во Србија. Економската сиромаштија имала влијание и врз бавниот развој на културните и образовните институции. За време на школувањето на Новаковиќ во Белград постоеле неколку основни и средни училишта, Ликеј, Народна библиотека и две печатници. Со доаѓањето во Белград, како поразвиен град од Шабац, но и во цела Србија, на Новаковиќ му било овозможено да го прошири своето образование и знаење. Уште тогаш, како ученик, тој почнал да ги покажува своите способности за творење, кои не биле само почетнички дела, туку имало меѓу нив и зрели творби кои сигурно биле репродукција на неговото дотогашно таложено знаење.

Неговиот татко Јован Новаковиќ, кој бил столар по професија бил толку сиромашен што не ни помислувал да го испрати син му на понатамошно школување. Да не бил неговиот професор Стојан Бошковиќ, кој се залагал и инсистирал лично кај татко му да го испрати во Белград за да продолжи со образованието можеби понатаму немало никогаш да се слушнало за Стојан Новаковиќ.

Бошковиќ во една пригода го посоветувал татко му дека – "Твојот Коста е толку талентиран и вешт, што вреди и да се задолжиш, за да го пратиш понатаму на школување"[5]. Така

[5] Ђорђевић, Владан, Успомене, Ињат Данићић, Нови Сад 1927., 129-130.

Новаковиќ 1857 година ќе се најде во Белград, запишан во Гимназија и за три години ќе ги заврши петиот, шестиот и седмиот клас од гимназија. Живеел во тешки материјални услови и се издржувал од стипендија и работа. За да обезбедат сопствен образован кадар власта ги помагала сиромашните ученици, Новаковиќ добивал по 2,5 талира месечно и бесплатни книги. Знаел дека без одличен успех не може да добие стипендија, но и пари од татко му, па затоа морал да има најдобри резултати во училиште за да го продолжи школувањето. Се обидувал и со дополнителна работа да си помогне. Со својот пријател и класен другар Коста Поповиќ три пати неделно работеле за “Српски Новини” како пополнувачи на адреси, од каде добивале по еден цванцик неделно. Меѓутоа неговата нова работа значително не ја подобрила неговата тешка материјална состојба. Долго време живеел во мала собичка со Коста Поповиќ, дури подоцна се преселил одвоено да живее бидејќи сакал целосно да се посвети на учењето.

Предметите кои ги изучувал во гимназија биле: германски, француски, латински и грчки јазик, христијанска наука, општа историја, српска книжевност, физика, математика, географија, воена вештина и црквено пеење. Изгледа дека Новаковиќ уште во гимназија ги имал добро совладано јазиците, особено германскиот и францускиот јазик бидејќи освен што во февруари 1859 година бил преплатен на еден германски весник заедно со Коста Поповиќ, неколку месеци порано имал направено преводи од Метастазио и Арапи во пустина. Новаковиќ ја користел секоја можност за да дојде до нова книга, па така ја користел приватната библиотека на жената на турскиот конзул каде имало дела од Хегел, Гете, Лесинг, Виланд и др. Но исто така го посетувал познатиот научник Јанко Шафарик кој имал богата библиотека со книги и од чешки јазик од каде најверојатно добил

интерес и за чешкиот јазик бидејќи подоцна почнал да преведува книги од чешки јазик.

Во ноември 1858 година Коста Поповиќ и Коста Новаковиќ кои биле и пријатели и цимери, започнале да го издаваат весникот "Оценител", ракописен весник во кои повеќе се посветувало внимание на критиката на сопствените дела. Весникот излегувал во четврток и недела, денови кога немале настава во училиште. Во првиот број се објавиле: редакцискиот дел "Задача и главна цел". Новаковиќ ја напишал песната "Никаде лек", а Коста Поповиќ статијата "Брдо и рамнина". За вториот број Новаковиќ ја напишал песната "Слога", а Поповиќ "Песна". Новаковиќ бил уредник на "Оценител" околу два месеци и во кој период издал дваесет броја, а потоа неговото место го презема Коста Поповиќ. Се што било работено во "Оценител" било правено како приватна фирма на Коста Новаковиќ и Коста Поповиќ. На 1-ви ноември 1859 година било оформено и првото училишно книжевно друштво. Негови основачи биле учениците од седмиот клас на гимназијата, негови соученици кои потоа скоро сите ќе имаат значајно место во Србија. Новаковиќ во ова друштво ќе ги напише "Српски книжарен дуќан", "Едно насилство", "Покрет за просвета меѓу учениците на гимназијата 1859 и 1860 ", новелата "Милица", "Безимена новела", "Спомен од патувањето" и многу други лирски песни. За тоа време ги превел : "Северно-американската војна", "Триесетгодишна војна", "Животот на Валтер Скот", "Освета на негорскиот цар Фаустин", "Паскал Брино" и " Описот на Кашмирот". Ниту еден од тие ракописи на Новаковиќ не се објавени ниту пронајдени. Покрај лириката и прозата, Новаковиќ имал голем интерес и за темите од историјата, додека пак од книжевноста неговото внимание го привлекле француските

романтичари: Ламартин, Санд и Дима. Улогата на Стојан Новаковиќ во работата на книжевното друштво не била мала.

Како ученик низ чии раце поминале безброј книги и кој постојано се трудел да го надополни своето знаење користејќи ги и приватните и јавните библиотеки, на седумнаесет години веќе читал германски и француски весници. Како гимназијалец Новаковиќ ќе пишува и за весникот "Даница" и во 1860 година ќе ги објави своите две песни "Злосторник" во бројот од 10 јуни и песната "Јунак" во бројот од 20 декември со што ќе се претстави и пред пошироката српска јавност[6]. Во книжевната работа на Стојан Новаковиќ критиката му завземала важно место. Тој со критика се занимавал цела деценија и со нејзе оставил големи траги, поголеми и од пишуваните песни. Некои негови критики искажани во младоста не се отфрлени ни до ден денес. Со критика започнал да се занимава уште како гимназијалец, а со неа завршил како професор. Карактеристиката на Новаковиќ како критичар можеме да ја видиме и во неговите најрани согледувања на новелата "Милан и Милица" од Владе Ѓорѓевиќ, во единаесетиот и дванаесетиот број на "Оценител" во кој истакнал дека : целата вистина е таа која повеќе не треба да се докажува и дека најубава цел на романот е да го збогати срцето и душата на читателот, а да всади скромност кај читателот. Писателот на романи исто така спрема мислењето на Новаковиќ, требало да биде образован, морал без суети да приоѓа кон работата, морал да биде еднаков кон сите лица, добриот писател требало добро да ја познава историјата на сите народи и да имал животно искуство.

Со право истакнал дека историскиот роман морало да ја разјасни историјата на своето време во широчина и точност. Преоѓајќи на конкретни забелешки, Новаковиќ истакнувал и дека

[6] Филиповић,Станоје, Школовање Стојана Новаковића, Историски архив, Шабац, 1976.

во историскиот роман главните јунаци морало да бидат познати во историјата, вистински историски ликови, кои не биле измислени. Такви биле критичките размислувања на шеснаесетогодишниот романтичар Новаковиќ.

Веќе во 1860 година Новаковиќ ја завршува гимназијата и го продолжува своето образование на Лицејот во Белград[7]. Лицејот била единствена висока школа во Србија, создадена бидејќи Србија имала потреба од домашен образован кадар за потребите на администрацијата и образованието. Новаковиќ се запишал на правниот смер и имал одлични професори како: Даниќ, Панчиќ и Шафарик. Сепак од сите професори најголемо влијание ќе му изврши Даниќ[8], додека останатите професори не му оставиле некој впечаток како него. Новаковиќ потполно ќе го следи примерот на својот професор Даниќ и ќе се занимава со истите области како и неговиот ментор, кој инаку му предавал словенска филологија, естетика и историја на книжевноста. Тие се запознале пред неговото запишување на Лицејот, кога младиот Новаковиќ му нудел стари ракописи на Даниќ, но сепак подоцна на Лицејот, Даниќ ќе го забележи големиот талент на Новаковиќ[9].

Повеќето од учениците не биле како Новаковиќ кој постојано ја следел наставата и од седумнаесет предмети сите му биле со одлична оценка. Во својот прв научен труд Новаковиќ напишал: *Јас и претходно ги имав прочитано делата на Вук, на* Даниќ "Ратот за српскиот јазик и правопис", на Шафарик

---

[7] Љушиќ, Радош, Србија 19 век, том 1, Новинско-издавачки центар, Белград, 1998. Кнезот со писмо од 1 јули 1838 година го основал Лицејот и и го продолжил школувањето во Крагуевачката гимназија од четири на шест години. Лицејот работел до 1841 година во Крагуевац, кога после три обиди бил преместен во Белград.

[8] Новаковић, Стојан, Радови мемоарског карактера, Завод за уџбенике, Београд , 2007., 26.

[9] Vojvodic, Mihajlo, Stojan Novakovic o uticajima na srpski jezik I knjizevnost. 2004. Спрема Новаковиќ најголемото влијание на српската младина, ја извшил токму Даниќ, кој од 1856 до 1866 живеел во Белград и бил професор на Ликејот. 175.

”Serbishe Lesekorner” и ги бележев предавањата на Даниќ[10]. Така Новаковиќ веќе бил спремен за самостојна работа, но и понатаму живеел во лоша материјална состојба, иако добивал стипендија сеуште морал да работи. Кога завршил втора година со Коста Поповиќ и неколку другари побарал стипендија за студирање во странство, но од необјаснети причини сите биле одбиени. Така не била остварена неговата желба во странство да го продолжи своето образование. Во текот на студирањето под влијание на околностите го сменил своето име од не-српското Коста во српското Стојан. Името Стојан прв пат е запишано на испит од 22 јуни 1863 година, но и покрај тоа подоцна уште неколку пати во документите на високата школа е запишан со старото име Коста[11]. Но со завршување на високата школа дефинитивно завршил и со своето старо име.

Бидејќи неговата тешка материјална состојба продолжувала, морал да работи и со помош на својот ментор Даниќ успеал да пишува за весникот “Видовден”, чиј главен уредник бил братот на Даниќ[12]. Весникот почнал да се печати во 1861 година и првите пет години излегувал три пати неделно. Новаковиќ работел во три рубрики за весникот за кој воедно пишувале и Вук Караџиќ, Даниќ, Матија Бан и други еминентни личности од српскиот интелектуален живот. Весникот бил издаден со посредство на владата на Филип Христиќ и една од неговите главни задачи била да се подготви подлогата за спроведување на новите закони и реформи во Србија. Околу “Видов ден” кој бил под надлежност на кнезот Михаљо се собирала групата на конзервативците и еден дел од интелегенцијата која била провладино ориентирана. Самиот кнез Михајло весникот го сметал како свој и како орган на владата.

---

[10] Новаковић, Стојан, Белешке о Ѓуро Даничић, Државна штампарија, Београд, 1885. 412.
[11] Ibidem
[12] Ibid.

Со време весникот се повеќе станувал средство на конзервативците и затоа имал остри напади од нивните противници либералите. Иако со либерални сваќања сепак Новаковиќ ќе работи за весникот од почетокот на неговото формирање, па до крајот на 1863 година. Меѓутоа младиот Новаковиќ во потполност не стоел на позициите на својот професор. Тој не бил во состојба да ги прифати идеолошките погледи на либералната буржуазија, кои во почетокот на шеесетите години сепак биле носители на прогресот во државата. Кога веќе бил подготвен сам да расудува и заклучува без помош на Даниќ, Новаковиќ започнал да биде таков каков и бил односно либерал, внимателен противник кон режимот, но сепак со некоја посебна врска продолжила неговата лична приврзаност кон режимот.

Кога станал државен службеник, Новаковиќ станал свесен за своите сопствени можности и материјална независност што довело до тоа да го чувствува главниот уредник на "Видовден" Милош Поповиќ како експлоататор и се побунил против него, но и против работата на самиот весник.

Новаковиќ го завршил Лицејот во 1863 година[13]. Не се познати причините зошто не ги продолжил студиите во странство како некој од неговите другари. Дали поради тоа кога веќе имал професор како Даниќ, не му било потребно да оди во Виена или не можел да добие стипендија[14].

После школувањето ќе се вработи како државен службеник во министерството за финансии, а подоцна ќе работи како секретар во Државната печатница и ќе остане да живее и работи

[13] Http://www.srpsko-nasledje.co.rs. 1863 година Лицејот официјално ќе биде заменет во Голема школа како највисок научно образовен елемент во Србија. Бил поделен на три одelениа односно факултети-Филозофски, Правен и Технички факултет. Како универзитет ќе се формира дури во 1905 година после цели четириесет години на работа.

[14] Новаковић, Стојан, Белешке о ..., 213.

во Белград. Набрзо ќе се ожени со Елена, ќерка на Јован Кујунџија и сестра на неговиот другар Милан Кујунџија[15].

[15] Ibidem

# Глава 2

## Дипломатската работа на Стојан Новаковиќ

До 1868 година во Србија многу малку се работело на нејзината надворешна политика кон Турција, дел од таа работа се одвивала преку дипломатски пат и преку црквата, додека пак дел преку мали обиди на образовни или културни активности. Но во глобала целата работа се извршувала преку политички агенти кои соработувале и имале врски со бегови, Грци или трговци. Се уште се немало преземено некој сериозен односно професионален дипломатски работен однос кон ситуацијата во Македонија. После 1868 година започнал со работа Народниот одбор кој требало да се грижи за отварање на српски училишта на територија на Турција, печатење книги и наоѓање учители. Но од 1868 до 1874 година ништо посериозно не било направено на тоа поле. Народниот одбор работел со многу мал интезитет, работата за националните прашања се префрлила во министерството за образование, министерството за надворешни работи, фондовите на Симе Игуманов и Св.Сава[16]. Секоја од институциите си работела на сопствена рака, без конкретен план, со некоја мала корист за Србија[17]. За тоа време Грција и

[16] Http://www.Sveti-Sava.org.yu Основањето на Друштвото Свети Сава во 1886 година било поврзана со отпочнување на организирани национални акции на Србија во Стара Србија и Македонија. Српската напредна влада на чело со Милутин Гарашанин направила план на водење на добро смислена работа од културен, просветен и верски карактер за тамошните Срби. Планот подразбирал активно вклучување на Министерството за просвета и црковни работи како и Министерството за Надворешни работи. Координатор на целата акција која започнала 1886 година, бил српскиот пратеник во Цариград, па за таа цел бил испратен на тоа место Стојан Новаковиќ, еден од најдобрите познавачи на настаните на Балканот.

[17] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи во XIX-от век до 1897 година, НИП Нова Македонија, Скопје, 1973, И напредњачката влада на Милутин Гарашанин (7.2 1884-1. 6 1887), како и претходната влада на Пироќанац, се до 1886 им го доверуваше раководењето на работите на

Бугарија, за разлика од Србија, биле длабоко навлезени на турскиот дел на Европа, преку црквени и материјални средства и дипломатски работи.

Стојан Новаковиќ може да се каже дека бил наследник на политиката и работата на Илија Гарашанин[18], само што тој го надополнил Начертанието[19] на Гарашанин со Македонија во него.

Сигурно е дека Новаковиќ го имал прифатено од Гарашанин планот за балкански сојуз бидејќи како него ќе преговара со Грција, но го прифатил и неговиот план за ширење на српската пропаганда на турска територија.

Во 1873 година Новаковиќ ќе почне со работа во министерството за образование и црквени работи и ќе започне да ги контролира конците на таа работа, внимателно проучувајќи се што е поврзано со националните работи на Србија кон политиката и состојбата во Турција. Ако било каде е направено некое упатство, програма или план за Турција или е пратено, пишано што да работи некој српски конзул или амбасадор во Турција, тоа сигурно не го направило министерството за надворешни работи, туку тоа доаѓало од Новаковиќ преку министерството за образование. После Берлинскиот конгрес со чија одлука Австро-Унгарија влегла во Босна и Херцеговина, Новаковиќ исклучително ќе се сврти кон стара Србија[20] и

---

пропагандата непосредно на самите службеници на Министерството за надворешни работи и на Министерството за просвета.

[18] Љушиќ, Радош, Србија 19 век, том 1... Илија Гарашанин (1812-1874) Министер на Србија за внатрешни работи, творец на тајниот план за унификација на државноста на Србија. Го направил во 1844 година на 32 годишна возраст, Начертанието било прв разработен план на српската надворешна политика. Односно конкретна патека на движење на српската национална работа. 187.

[19] Jelavich, Charles, Barbara Charles, The establisnment of the Balkan National states 1804-1920, University of Washington press, Seatle and London, 1992. Garasanins nacertanie und das grosserbiche program, 1968.153-171. Начертанието сепак било базирано на планот на Франтисек Зах (1807-1892) Чех кој бил во блиски односи со Адам Чарторски поранешен министер за Надворешни работи на Русија. Планот на Зах предвидувал соединување на јужните словени кој подоцна би помогнале во ослободувањето на Полска од Руското и Австриското влијание. Од прилика 90% од материјата во Начертание е превземена од планот на Зах.

[20] Јовановски, Далибор, Пријателски преговори без договор, српско-грчки обиди за поделба на Македонија на интересни сфери, 1892/1893.г., Историја, Скопје, 2007. Поимот стара Србија

Македонија. Како министер за образование во владата на Милан[21] Пироќанац (1880-1883) ги удрил темелите на српската национална политика во Турција. Тивко и стрпливо започнал да прави планови за многу работи кои имале за цел да се организираат српските луѓе во европскиот дел на Турција. Тој започнал да ги насочува српските луѓе од Турција да започнат со политика слична на Грција и Бугарија, односно да почнат легална пропаганда со легални средства усогласени со турските закони. Новаковиќ се борел да докаже пред владеачките кругови во Србија за значењето што го има Македонија за Србија и дека не смее да се напушти идејата за пробив кон југ.

По неговата замисла српската национална акција во европскиот дел на Турција требало да стане најважната задача на српската дипломатија, а пред се на нејзините претставници во Турција. Во тоа време од деветнаесет области во Македонија само во седум области имало училишта кои биле српски, додека пак Бугарите во тие седум области имале седум пати повеќе училишта. Но Новаковиќ никако не сакал да се откаже од таа територија. За време на неговата работа во Цариград ќе има разговори и преговори со Грците за поделба на тие области, при што Грците во тоа време сметале дека и Скопје е нивни град и дека границата е Шар Планина[22].

Акцијата кон југ како што ја замислувал Новаковиќ не започнала. Меѓутоа веднаш после Берлинскиот конгрес во 1878 година следувале неколку години на тешки преговори помеѓу Србија и Австро-Унгарија за склучување на билатерални договори кои доста ја одалечиле српската влада од националната

---

нагласувал Метаксас во својот извештај, започнал да се користи по формирањето на автономното српско кнежество и ги означувал териториите на старото српско кралство кои останале под османлиска територија. Со други зборови овој поим можел да опфаќа области од Македонија кон кои Грција имала аспирации.

19 Јовановић, Слободан, Влада Милана Обреновића, Геце Кона, Београд, 1927.

22 Граѓа за историјата на Македонскиот народ од архивот на Србија, том 5 книга 1, февруари 1890 година, Београд, 1988.

програма. Исто така и исцрпеноста од војните со Турција во 1876-1878 со негативните резултати од нив допридонела да се појави една апатија кон националните работи во Србија. Ниту односите со Турција после војната не биле добри за започнување на било какви односи меѓу нив. Во очекување да се врати мирот на јужната граница на Србија, Стојан Новаковиќ во почетокот на осумдесетите години на деветнаесетиот век ќе се занимава со внатрешни прашања: реформи во средното и основното образование и зајакнување на администрацијата во црковните прашања. Една од последиците на таквото делување на Новаковиќ било и создавањето на судир со црквата и напуштање на Србија од страна на митрополитот Михаил[23].

Првите чекори за обновување на акцијата на Србија кон југ во една поширока акција од предходната, имајќи во предвид дека во меѓувреме нејзиниот главен ривал Бугарија, од добивањето на Егзархија од 1870та година била во голема предност во ширењето на нејзината идеја пред српската, ја започнал премиерот на Србија Милан Пироќанац во 1883 година. Тој предложил да се формира еден одбор и состави еден програм како платформа на идната акција на Србија кон Турција[24]. Во врска со ова се појавиле повеќе различни предлози и програми. Некои од нив ги предложил и самиот Новаковиќ кој во прв ред ги имал во предвид потребите за оформување на што поголем број српски училишта во европскиот дел на Турција и потребата во нив да се школуваат учителски кадри во Србија, да се отворат книжари и печатници во Македонија. Така на пример уште во 1883 година во функција на министер за образование и црквени

---

[23] Јовановић, Слободан, Влада....104. Како русофил митрополитот им сметал и на кралот Милан и на Напредните, освен што бил против реформите тој на своја рака превземал акции во Босна преку неговите свештениците, така се чекало момент и тој да биде тргнат. Како повод бил донесувањето на законот за такси кои стапил на сила на 1 јуни 1881 година. Со потврда од кралот Милан тој бил тргнат од својата положба.

[24] Граѓа за..., том. 5. Кн.1 (1879-1885). Архив на Србија, Београд 1985. бр. 114.

прашања тој му испраќа на неговиот премиер Милан Пироќанац писмо во кое му набројува неколку задачи и мерки кои треба да се преземат за српскиот елемент, надвор од границите на кралството. Така тој во писмото предлогот го поделил и во 9 точки:

1. Предлог за основање на српски книжарници.

2. Предлог за создавање на „Српско Коло" за ширење на српските идеи надвор од границите.

3. Предлог да се земат за работа луѓе кои би работеле на српската работа во турските краеви.

4. Предлог за создавање на српски средни училишта надвор од границите.

5. Предлог за формирање на второ одделение на Богословија.

6. Предлог луѓето кои ќе се праќаат на работа надвор од границите на Србија официјално да се отпуштат од служба во Србија.

7. Предлог за организирање на српската црква во Турција како средство за дејство против бугаризацијата.

8. План за подигање на училишта во Турција.

9. Предлог за создавање на печатница и весник во Цариград[25].

Таквата програма од една страна барала од Србија голем труд и средства, а од друга страна Турција не била ни малку наклонета спрема Србија поради минатите војни. Поради тоа што ништо од тоа не било остварливо во тој момент ниту акцијата не можела да започне. Меѓутоа во март 1885 година биле одржани неколку митинзи во Белград и Ниш на кои биле осудени големо

---

[25] Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија, том 5, книга1, док. Бр.115. 1986·

бугарските претензии. Владата на Милутин Гарашанин која била создадена во 1884 година, во 1885 година издала документ со наслов "Упатства за одржување на влијанието на Србија во Стара Србија и Македонија" во кој биле содржани главните барања што се слушнале на протестите[26]. Било одлучено во министерството за надворешни работи да се отвори едно одвоено одделение кое би се занимавало со конзулатски работи, а чии наредби би биле задолжителни за потчинетите органи. Во врска со споменатите точки на програмата веднаш било започнато со повеќе различни активности од што можело да се види дека владата на Гарашанин сериозно се зафатила со програмата.

Во исполнување на некои делови од нив се приклучил и Новаковиќ тогаш како министер за внатрешни работи во владата на Гарашанин[27], но и после излегувањето од неа[28]. Новаковиќ сметал дека српските акции во Турција што биле преземани до тогаш од видот на криумчарење и революционерни активности треба да се напуштат и да се преземат легални методи во образовната и културната политика[29]. Во врска со ова тој се состанал со некои луѓе од пограничните места со цел да учествуваат во идните акции. Направил и програма за формирање на еден весник кој би излегувал неколку пати месечно, а во него би биле опфатени покрај културните содржини и политички теми. Меѓутоа сите активности биле прекинати со започнувањето на

[26] Војводић, Михаило, Стојан Новаковић и Владимир Карић, Clio, Београд, 2003., 24.

[27] Јовановић, Слободан, Влада ..., Пирочанец отстапувајќи му го местото на Гарашанин, настојувал во владата да влезе и еден негов човек-тоа бил Стојан Новаковиќ

[28] Ibidem. На внатрешен план ќе дојде до судир помеѓу Новаковиќ и Гарашанин, која ќе започне во летото 1884 една година подоцна ќе предизвика министерска криза. Проблемот бил што Новаковиќ му замерувал на Гарашанин за договорите кои ги потпишувал како министер за финансии со Лендер банката, но можно е и поради тоа што позади Новаковиќ стоел Пирочанец кој бил во судар со Гарашанин.

[29] Новаковић, Стојан, Бугарско-српски рат и оновремене кризе 1885-1886, Краљевска српска штампарија, Београд, 1908., 4. Во една прилика, во август 1889 година, Новаковиќ како српски преставник во Цариград, му напишал на тогашниот претседател на влада и министер за надворешни работи Саво Груиќ дека он лично уште како министер за внатрешни работи се залагал за да се остави патот на криумчењето и да се најде легален пат за грижата на српскиот народ во Турција.

војна помеѓу Србија и Бугарија. Србија ја изгубила таа војна и за продолжување на српската акција во Македонија не се размислувало се до потпишувањето на мировниот договор во март 1886 година.

Стравот на кралот кој го искажал во март 1886 година пред Пироќанац и Новаковиќ, дека последиците од бугарската победа би можеле негативно да влијаат по интересите на Србија во Македонија, било причина Србија повторно да ги започне своите национални акции[30]. По самиот пораз на Србија на Сливница, Македонија добила прво во политичката програма на српската држава. На Македонија по тој настан и се посветувало се поголемо внимание во надворешната политика на Србија. Српската влада ги зајакнала напорите да се дојде до позитивен резултат од составувањето на една постојана конзуларна конвенција со Турција која предходно била започната, но поради српско-бугарската војна прекината[31]. Во август 1886 година е постигната согласност за склучување на конзуларна конвенција. Конвенцијата била потпишана на 4 септември 1886 година. Во духот на кралското стравување од бугарската политика во Македонија, веднаш кога пристигнала веста дека во август 1886 година Александар Батенберг е тргнат и дека е формирано привремено намесништво да управува со земјата, многу брзо после ова во српската надворешна политика ќе се направат значајни кадровски промени. По налог од кралот, владата во 1886 година го известила тогашниот српки претставник во

---

[30] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи... Настојувајќи донекаде да се оправда поради загубената војна со Бугарија, кралот Милан во подоцнежните години истакнуваше дека Сливница била толку крвава лекција но барем во надворешната политика се тргнало по патот по кој Србија требала секогаш да оди. Сливница на Србија и ја пробудила свеста за српството во Македонија. 279.

[31] Миноски, Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Архив на Македонија, Скопје, 2000. 107. Станува збор за конзуларната конвенција помеѓу Србија и Османлиското царство, склучена на 9 март 1896 година.

Цариград дека е мора да се врати, а на негово место ќе биде поставен Стојан Новаковиќ[32].

Новаковиќ ќе помине нешто повеќе од дванаесет години во дипломатска должност како амбасадор на Србија. Тој ќе ја претставува неговата земја во Цариград, Париз и Сан Петерзбург. Целиот негов работен век иако ќе го започне како книжевник и историчар, ќе го проживее како национален работник, поврзан со политиката и дипломатијата на Србија.

Во ноември 1886 година Стојан Новаковиќ ќе ја преземе амбасадорската функција во Цариград. Неговото испраќање на тоа дипломатско место може да се објасни како претходно што спомнавме со желбата на кралот Милан[33] и премиерот Гарашанин за поголема дипломатска активност да се придаде на работите во Цариград односно таму да се постави човек со искуство, визија и трезвеност каков што бил Новаковиќ.

Новаковиќ ќе ја прифати новата должност и тоа ќе му биде прва дипломатска должност од каде ќе дојде до можност да ги оствари идеите кои ги имал во неговата долгогодишна активност поврзана со српските национални настојувања. Службата надвор од сопствената држава добро ќе му дојде пред се поради политичката состојба што се одвивала во Србија во тој период. Односите во политичкиот и партискиот живот во тој момент биле доста заоштрени, а тоа најмногу се осеќало во партијата на Напредните. На него и на Пироќанац не им било лесно што Гарашанин во тој момент цврсто се држел до политиката на Австро-Унгарија. Во турската престолнина Новаковиќ ќе

---

[32] Џамбазовски, Климент, Стојан Новаковић и Македонизам Историски часопис, Београд, 1966.Од тој момент Стојан Новаковиќ станува главен организатор во спроведувањето на планот кој во 1866 година е договорен во Белград. Тој ги испитувал условите на македонски терен и ставот на турските власти во однос на акциите од српската пропаганда а со помош на Македонците да ги кординирал и идните акции на српската пропаганда во Македонија. 144.

[33] Vucinich, Wayne, Serbia between East and West, Oxford university press, London, 1954. Милан Обреновиќ кнез па крал на Србија од (1868 до 1889), роден во Романија 1854, умрел во 1901 година. Го наследил неговиот син Александар Обреновиќ.

пристигне со многу задачи кои требало да се извршат, но без распоред на нивно извршување. И покрај тоа што во Србија му било кажано дека приоритет треба да му биде склучување на конзуларни, трговски, железнички и црковни работи со Турција[34], Новаковиќ најмногу го привлекувала идејата за организирање на еден систем на политичко-пропаганден и национален интерес на Србија во Македонија преку образовни, културни и црковните институции.

Долго време бил упатен во тие активности, но сега за прв пат се нашол на терен и бил директно задолжен за насоката на надворешната политика на Србија. Паралелно со тоа требало да работи и на воспоставување на добри односи со Турција, со која не биле во некои затегнати односи и во ситуација како српско-бугарската војна, која ја имале претходно со Бугарија, војна која сепак оставила некои негативни последици помеѓу односите на Србија и Турција. Така Портата од една страна не излегувала многу во пресрет на српските барања, пред се поради тоа што Србија била поразена страна во војната со Бугарија, а од друга страна што во периодот од 1887 до 1894 година Турција имала одлични односи со владата на Стамболов и со Бугарија. Новаковиќ бил свесен дека ќе мора да се погрижи и да остави впечаток на најважните турски политички фигури и дека нивната неактивност не треба да го обесхрабри, бидејќи самиот тој во наредните години многу често ќе се правда за било какво каснење или неизвршување на работите токму од нивниот турски карактер кои тие го поседувале.

Службата надвор од земјата му дошла во прав момент поради внатрешните политички случувања внатре во Србија.

[34] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи ...Уште во 1886 година српската влада сакаше кај Цариградската патријаршија да ги обнови своите барања за назначување српски епископи во Турција, на кои барање патријаршијата секогаш дотогаш се оглушуваше. Упатувајќи го Новаковиќ за пратеник во Цариград во есента 1886, претседателот на владата М. Гарашанин му стави задача да почне да дејствува во тој правец.

Односите во Напредната партија биле доста затегнати во тој период. И брачните проблеми во кралската фамилија биле на врв на експлозија и донеле до поделби. Приврзаници на кралицата Наталија од една страна и приврзаници на Кралот Милан од друга страна влегле во жестока борба[35]. Новаковиќ сметал дека дека неговата служба во Цариград е во прав момент и од надворешен аспект, но сепак размислувал дали не е прекасно за да може да го реализира концептот за ширење на српскиот национален план во европскиот дел на Турција, пред се поради засилената бугарска пропаганда што веќе постоела таму.

На патот за Цариград Новаковиќ се задржал во Ниш осум дена. За време на неговиот престој во Ниш имал разговори со кралот Милан и премиерот Гарашанин. Во упатствата што ги добил од нив тие најмногу инсистирале на потребата за поврзување со Турција и што повеќе активности од пропаганден план во стара Србија и Македонија. Патувајќи со железница преку турска територија, Новаковиќ одлично се снаоѓал со географијата, во пределите и градовите на Македонија, а особено Скопје како град му оставил голем впечаток[36]. Чекајќи параброд за Цариград, во Солун се задржал три и пол дена,. Тоа време го искористил да ја посети тамошната бугарска гимназија, при што настојувал што е можно повеќе да дознае за нејзината структура бидејќи сметал дека таа е центарот на бугарската пропаганда во Македонија37. Кога пристигнал во Цариград и го завземал амбасадорското место, започнал со реализирање на проектите со кои и воедно бил задолжен, така што како прв приоритет му било да се заложи за отварање на конзуларни преставништа во Скопје

---

[35] Јовановиħ, Слободан, Влада Милана Обреновиħа 1878-1889, Односите помеѓу Кралот и Кралицата биле толку затегнати, со што била доволна една ситница за да пукнат.334.

[36] Новаковиħ, Стојан, Балканска питања и мање историско политичке белешке о Балканско полуострово 1886-1905, Државна штампарија краљевина Србије, Београд, 1896.

[37] Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија,том5, док. бр. 146.

и Солун. Посебно значење за него имало отварањето на конзулат во Скопје, затоа што тогаш во градот немало валијски преставник од турската власт, но немало и конзулати од другите земји. Во 1887 година била донесена и прифатена одлуката за отварање на конзулат во Скопје со што Србија и српската политика ќе добијат голема корист во остварувањето на своите цели[38]. Откако ќе се отварат двата конзулати Новаковиќ ќе воспостави цврсти врски со нив, а подоцна и двата конзулати ќе работат токму по негови инструкции. Тие ќе развијат доста жива активност во европскиот дел на Турција што во исто време ќе го растеретат преставништвото во Цариград од каде Новаковиќ можел да продолжи да ги развива своите сопствени планови и дејности на други полиња.

Така Новаковиќ доста време можел да посвети на прашањето за завршување на железничката конвенција. Неговата намера била со потпишување на конвенција и воспоставувањето на директна железничка линија меѓу Србија и Турција да го круниса повеќегодишниот напор за нејзина изградба и поврзување[39]. Поради тоа што до есента 1886 година веќе била завршена линијата Ниш-Врање, било многу важно таа линија да се спои со Турција, со што Србија би се поврзала со Солунското пристаниште. Новаковиќ директно не учествувал во самите преговори на делегациите, но сепак индиректно вршел притисоци врз самите турски министри за реализирање на проектот. Во мај 1887 година ќе се донесе царско ираде со одобрување за потпишување на конвенција, која и ќе биде потпишана на 4 јуни 1887 година од страна на Новаковиќ и министерот Саид-паша. Но требало да помине скоро уште една година за да започне со

[38] Џамбазовски, Климент, Стојан Новаковић и Македонизам, цит. Овој успех на српската дипломатија им овозможило на српската пропаганда да има своја потпора во Македонија, преку која ќе може да ја прати работата на српските школи на македонски терен.
[39] Миновски, Михајло, Македонија во...., стр.101, док. бр. 16.

функционирање самата линија, така што во мај 1888 година свечено ќе биде отворена за употреба железничката линија на чиј настан инаку Новаковиќ бил поканет, но не земал учество.

Новаковиќ бил иницијатор и за потпишување на трговска конвенција помеѓу Србија и Турција. Преговорите започнале во јуни 1887 година, во време кога на внатрешен план во Србија доаѓа до промени односно на власт доаѓаат либералите кои инаку настојуваат што побргу да се потпише трговскиот договор со Турција заради отстранување на дотогашниот австриско-унгарски притисок кој го имале тие. Самите преговори ветувале успех. Новаковиќ ги водел со многу тактика и аргументи. Знаел како треба да се преговара со Турците, со многу трпение и со постепено убедување бидејќи и на нив во тој момент им бил потребен овој договор како и на Србите. Тој самиот сметал дека со овој договор Србија многу полесно може да ги обезбеди и исполни своите национални и политички цели и задачи.

Поради неговата трпеливост и упорност Турција после неколку месечни преговори ќе попушти и ќе прифати да се потпише трговскиот договор. Составениот договор бил дело на самиот Новаковиќ, кој ќе биде потпишан во февруари 1888 година, а официјално заклучен и ќе стапи на сила во јуни истата година, а потпишан од министерот Саид-паша и Новаковиќ[40]. Со тоа бил завршен првиот дел од планот на Новаковиќ кој ги опфаќал билатералните односи помеѓу Србија и Турција. Новаковиќ бил на пат за остварување на вториот или најважниот и најкомплицираниот дел од планот во Цариград, а тоа било организирање на најголемата српска национална акција во европскиот дел на Турција. На тоа поле ќе го посвети целиот преостанат дел од неговата работа како амбасадор во Цариград.

---

[40] Ibidem. Трговска конвенција помеѓу Кралството Србија и Османлиското царство, склучена на 1-ви мај 1899. Док. Бр. 20. стр. 119.

Завршувајќи со својата работа која се однесувала на конвенциите од 1888 година, Новаковиќ слободно можел да започне со своите планови и активности кои биле директно поврзани со специфичниот идеен, политички и национален организационен план на Србија во водењето на надворешната политика кон европскиот дел на Турција[41]. Според неговите погледи, целта на надворешната политика на Србија не се состоела само од работењето на нејзиниот амбасадор, конзулите и министерството за надворешни работи, туку главната цел била српско-словенското население во стара Србија и Македонија да го добие својот идентитет. Една од основните негови преокупации била и јазичното обединување на населението во европскиот дел на Турција. Издавањето на весници, печатење на книги и снабдување на постоечките школи со книги, како и оние кои би требало подоцна да се отворат, според него го сочинуваат ударниот дел од планот и акцијата. Според него тоа било најдобар обид за успех, односно за подигање на свеста на словенскиот народ во Турција. Тој народ требало да биде духовно образован и свесен дека само со нивна сопствена активност и учество би можела да се оствари таа цел.

Според тоа не се работело само за дипломатски притисок на Србија врз Турција, туку широк спектар на акции кои би довеле до внатрешна криза во Турција, наметната од самото словенско население на нејзина територија. Дипломатските средства можеле единствено подоцна да се користат за спроведување на реформите во тој дел на Турција или на нивно поправање во самата ситуација. За целосен успех би допридонело и отварањето на српски црковни бедеми каде би се собирало населението. Со

[41] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи..., Причината што Турција каснела со конвенциите спрема Доклестиќ лежела во тоа што Новаковиќ се грижел со конзуларната конвенција да бидат заштитени српските државјани, кои работеле како учители или кои се занимавале со друга работа во Турција. 266.

неговите активности би се оствариле и некои други цели, покрај останатото и да се спречи Бугарија, која со создавањето на Егзархијата била многу поблиску од Србија за воспоставување на своја хегемонија во пропагандата во Македонија[42]. Се работело за деликатни и сериозни работи кои требало тој да ги преземе, а воедно и да внимава на самите турски власти. Тоа подразбирало голема и сложена акција која требала да се води внимателно. Пред Србија, како главна пречка во Македонија бил цврстиот бугарски зид на пропаганда кој веќе плански бил подигнат од Егзархијата. Благодарение на тој црковни-школски центар тивко се развивала широката бугарска дејност со отварање на училишта и воспоставување на црковни епархии кои несомнено биле најјаките жаришта на бугарската политичка пропаганда. Бугарските намесници во своите епархии сосема мирно си ја вршеле својата должност. Во нив постоеле совети кои управувале со сите црковни и училишни работи, што им овозможувало да создадат целосно совршена организација.

Свесен со ситуацијата на терен на Новаковиќ му преостанувало да започне со поставување на негова организација и агентура која ќе може да им се спротистави на бугарската организација[43]. Главната сила на Бугарите била во Егзархијата, наспроти тоа Србија немала своја црковна организација во Македонија ниту признаена народност, додека пак училишниот

[42] Новаковић, Стојан, Изабрани дела, Завод за уџбенике и наставне средства, Београд, 2000.53. цит. И поради тоа што Бугарите и Грците имаа свои добивки со нивната црквена автономија, а Србите ја немаа.

[43] Andrew, Rossos, Macedonia and Macedonians, Hoover institution press, Stanford, 2008. Бидејќи Србите стоеа позади Грците и беа позади Бугарите во пропагандата тие одлучија и развија нова тактика која се засновала на соработка со македонските патриоти. Во 1888 година Стојан Новаковиќ како српски преставник во Цариград, отишол кај членовите на тајниот македонски комитет во Софија со предлог за соработка. Овој стран и краткотраен експеримент, може да се каже дека имал заедничка експлотиација. Новаковиќ и Србите имале три гола од ова, да ги направат Македонците зависни од Србите да ја вметнат сопствената кауза во нив и да го користат нивното влијание за интересите во Македонија. Стр.76.

систем бил во рацете на црквата[44]. Така природно било да се обиде да дојде до создавање на српска црква во рамките на европскиот дел на Турција, но тоа значело и добивање на нови противници како бугарската Егзархија и грчката Патријаршија.

Новаковиќ во почеток мислел дека прав партнер би можел да биде токму грчката Патријаршија со својата организација која би можела да и помогне на Србија . Затоа и првите негови разговори биле за обезбедување на помош од страна на грчките владици во заштита на српскиот народ, а за возврат на нив ќе им била дадена парична помош. Поради тоа што бугарската идеја веќе навлегла и имала зафатено корени во Македонија, на Новаковиќ му било јасно дека против неа може да се води борба само со јака пропаганда односно со ширење на српската идеја, како и обид за создавање на идеа за самостојност кај народот во Македонија што неминовно би водело до отцепување од бугаризмот[45]. Во почеток тоа би значело издавање на книги и весници на македонски дијалект во кои потоа постепено би биле вметнувани србизми со што би било полесно да се дојде до следната етапа односно посрбување на населението[46]. Реализацијата на оваа идеја, Новаковиќ каков што и бил по природа, ќе ја спроведувал тивко и постепено, бидејќи се уште со Турција не биле довршени работите околу конвенцијата која

---

[44] Sekulic, Vesna, Otvaranje Ruskog konzulata u Kosovskoj Mitrovici, Bastina, 2005.Новаковиќ приметил дека главните столбови за собирање на српскиот народ во Стара Србија биле црквата и училиштата, па затоа барал од Владата да што повеќе помага по овапрашање. Меѓутоа и приметил дека овие институции, освен духовната помош, не биле во можност да дадат подобра физичка заштита на Србите. Во однос на Србите во Стара Србија единствена заштита ја добивале од српскиот конзулат во Призрен, кој постоел од 1866 година. Затоа преземал чекори за основање на српки козулат во Турска. 140.

[45] Новаковиќ, Стојан, Бугарске школе по Македонији, Ова тежнеење почнало да се буди нарочито од спротивноста меѓу бугарскиот и македонскиот карактер одвремето кога бугарската пропаганда почнала со голема острина да напаѓа по македонската во име на пан-бугаризмот.

[46] Ibidem. Поради тоа што Новаковиќ по своите сваќања бил еволуционист, сметал дека Македонците, после прифаќањето на основната писменост на македонски јазик, многу брзо потоа ќе го совладале и српскиот јазик.

ја имале потпишано[47]. Во меѓувреме во Белград во министерството за надворешни работи на чие чело тогаш се наоѓал Драгутин Франасовиќ[48], се работело на тоа да се испратат во Цариград неколку луѓе со потекло од Македонија за да се отпочне со ширење на српската идеја. Планот бил преземен уште од 1886 година од една програма на Гарашанин за национална работа на Србија во Турција. Тој опфаќал идеја за издавање на весник на македонски дијалект во кој како покритие ќе бидат вклучени луѓе по потекло од Македонија. Тие сметале дека на тој начин ќе биде многу полесно постепено.да се пренесат српските идеи, но и српскиот јазик. Според тоа весникот по својата содржина би бил потполно без сомнителност кај турските власти, а воедно ќе води антибугарска пропаганда. Македонците само би ја воделе работата, додека Новаковиќ би ја имал целата финансиска и политичка контрола.

Но целиот проект нема да се оствари бидејќи турските власти нема да дадат дозвола за издавање на весникот. Оттука Новаковиќ ќе согледа дека ќе мора да премине на другиот план, односно на издавање на литература и книги и нивно ширење по македонска територија и население. Според него тоа е најдоброто средство за ширење на српската идеја и борба за одржување на српската народност во стара Србија и Македонија." *Во борбата за одржување на нашата народност во стара Србија и Македонија училишните книги се едни од најмоќните средства меѓу така ограничените лични и*

[47] Dzambazovski, Kliment, Novi prilozi istoriji kulturno-političkih odnosa makedonskog I srpskog naroda u XIX veku. И спрема македонското движење имале странските пропаганди различен став. Додека грците и бугарите со сите сили сакале да го спречат македонското ослободително движење, српската пропаганда имајќи ја во вид нивната нерамноправна положба во Македонија во однос со нивните противници-бугарите и грците, имале поеластична политика и во одредени граници ја толерилала нивното формирање. 67.
[48] Http://www.mfa.gov.yu Роден во Цариград 1842 година, генерал кои неколку пати бил министер завреме на владеење на династијата Обреновиќи.

*финансиски средства, на кои ние, за жал во таа борба по несреќа сме осудени и скратени.*

*Со тоа прва наредба на нашата политика во тие краеви е во нив во секое време српските книги да ги има во изобилство и на оној начин на нивно растурање по кои нашите интереси ќе бидат најдобри. Минатото лето јас на ова му обраќав внимание на тогашниот министер за надворешни работи, опоменувајќи го дека нашите конзулати во Турција никогаш да не бидат без тие книги*[49]*".*

Со оглед на тоа дека снабдувањето на училиштата со српски книги, била една од најважните работи и потреби на српската пропаганда во стара Србија и Македонија, Новаковиќ кога станал амбасадор во Цариград, предложил книгите кои се наменети за српските училишта во европскиот дел на Турција да се печатат во Цариград пред очите на турската цензура и по прописите на тамошната држава, со што би се избегнало сомневањето на Турците и би овозможило нивно побрзо ширење. Во врска со тоа пронашол и печатница во Цариград, чиј сопственик бил Германец по име Бајхел кој пред тоа живеел и во Белград и добро го познавал српскиот јазик, а воедно имал и српки букви за печатење. Бидејќи во Македонија се зборувало на повеќе дијалекти, според Новаковиќ најдобро би било првиот буквар за тамошните деца да се отпечати на еден од дијалектите, но измешан со српски букви во однос две третини спроти еден и да има име Македонски буквар[50]. Српската граматика која би била употребена според негово мислење би била прочистена од руско-словенската мешавина, т.е на Македонците би им била

[49] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV , книга III, АС, МИД ПО ф, I, досије II, пов. Бр. 74/1888, Београд 1987
[50] Војводиђ, Михаило., цит.

многу полесна во однос на бугарската[51]. Таквиот буквар би бил најсилно средство за потиснување на бугарската писменост и истовремено средство за влез на српската писменост во Македонија. Во јуни 1888 година, српските министри за надворешни работи и образование Чедомир Мијатовиќ и Владан Ѓорѓевиќ ја прифатиле идејата и планот на Новаковиќ, сметајќи го како најдобар во борбата за одржување на српската народност во европскиот дел на Турција. По препорака на угледниот научник Љубомир Ковачевиќ, кој бил на чело на фондот Симе Игуманов, било предложено букварот да го напише писателот Милојко Веселиновиќ, кој истиот и го завршил на почетокот на октомври 1888 година. Потоа Новаковиќ го прегледал и делумно го изменил и на празникот Архангел добил и официјално одобрение од самите Турци. Поради овој успех Новаковиќ во едно писмо испратено до неговиот кум изјавил дека " Најважно е што побргу да удриме со секира по бугарската писменост во Македонија", па потоа ќе се концентрираме на останатите изданија. Македонскиот буквар се појавил во пролетта 1889 година и тој бил првата српска книга печатена во Цариград за српските потреби во Турција, а воедно и со одобрение од турските власти[52].

Во наредниот период Новаковиќ најмногу внимание ќе посвети на печатење на српски книги и нивно ширење, но во исто време бил свесен дека биле потребни и српски кадри за што било задолжено Друштвото на Свети Сава со кој тој ќе соработува, а чија работа била да наоѓа млади деца и да ги испраќа на

[51] Новаковић, Стојан, Балканска Питања ..., Новаковиќ го забележал следново во една негова статија "Една статистика на средна Македонија" во 1899 година. Ростковски забележил дека не е филолог и по тоа не може да се обиде да расправа за прашањето дали македонските Словени се припадници на српската народност или бугарската. Држејќи се меѓутоа дека македонскиот говор е премин од српскиот јазик кон бугарскиот Ростковски се одлучил Македонските Словени да не ги стави ни како Срби ни Бугари, туку да ги именува само како Словени, чиј назив може да се распространува и на егзархистите и на патријаршистите и на муслиманите. 395.
[52] Ibidem

школување во Србија. Улогата на тие наставници подоцна би била да ја пренесуваат српската писменост и идеја.

Во 1888 година водачот на револуционерното движење на Македонија-Даме Груев со уште шеснаесет други ученици од Солун пристигнува во Белград. Тој чин ја најавил ранливоста на бугарската пропаганда во Македонија. Во оваа “победа” на српската пропаганда, прстите ги замешува Петар Карастојановиќ[53], конзул на Кралството Србија во Солун, а во директна координација со тамошниот амбасадор во Цариград Новаковиќ[54]. Даме Груев две години бил питомец на друштвото Свети Сава во Белград[55]. Новаковиќ настојувал да организира права мрежа на верни луѓе кои би пренесувале и ширеле материјали по европскиот дел на Турција. За таа цел ги користел неговите конзули во Скопје, Солун и Битола. Тој барал од неговите конзули да му најдат српски трговци, попови и учители во местата каде имало училишта за да им се доставуваат пакети со книги, а тие понатаму со нивни луѓе да ги пренесуваат и шират. Според него тоа бил најсигурниот пат не само за ширење на српските книги, туку и сеопфатно ширење на српското влијание, бидејќи самите конзули кои биле на чело на организацијата биле истовремено и легални претставници во Турција.

[53] Бригиски, Јован, Масони, Бревијар за древното братство, Скопје, Култура, 2006 Името на Петар Карастојановиќ е забележано меѓу основачите на ложата”Светлост Балкана”, основано под закрила на Големиот ориент на Италија. Исто така, Петар Карастојановиќ е член и во ложата “Слога, рад и постојанство” од крајот на 19 век исто така работи под Големиот ориент на Италија, бил посебно задолжен за обезбедување нови членови(масони) од Македонија.

[54].Ibidem. Во ова дело Стојан Новаковиќ е опишан како: “...историчар и дипломат, дел од српските интелектуалци вклучени во ложата “Побратим”, член на Врховниот совет на Србија...”

[55] Спомени, И.Х.Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р. Х. Татарчев, Култура, Скопје, 1995. Ние самите го испитавме врз себеси дејството на таа пропаганда. Во Скопје и во Солун истовремено имаше агитатори. Ни ветија стипендија и ни ја дадоа. И тогаш јас со уште неколку Македончиња отидовме во Белград. Тука можевме да ги согледаме српските намери од тоа што мошне се трудеа да ни влејат српска идеја, и да ни го натурат српскиот јазик, што уште повеќе не разгневуваше.96.

Покрај грижата за српскиот народ и организирањето на српската културна работа, според Новаковиќ конзулите требале многу внимателно да ги следат сите акции на главните конкуренти на Србија во Македонија - Бугарија и Грција. Тоа пред се се однесувало на конзулатот во Скопје, кој бил и центар на српската политичка, црковна и културна активност во Македонија[56].

По Македонскиот буквар[57] ќе се издадат и книгите „Српски буквар", "Читанка за прво оделение", "Кратка свештеничка историја", "Мал Катехизис на Стариот и Новиот завет" и "Голуб". Календарот Голуб бил издаден 1890 година и опфаќал материјал кои не бил наменет само за децата туку и за целиот народ[58]. Затоа Новаковиќ посебно инсистирал кај српските конзули да направат се што е во нивна можност таа книга да дојде до најдобрите граѓански фамилии бидејќи преку неа би се истиснала бугарската пропаганда која токму со слични средства и се користела. Печатењето на овие книги требало да се покаже дека Србија не заборавила на српскиот народ во Турција.

Српската книга според замислата на Новаковиќ требала да биде широко застапена помеѓу српскиот народ во стара Србија, а исто така и меѓу словенскиот свет во Македонија. Со тоа би се отворил пат за влез на српскиот јазик и во оние краеви каде се уште немало писменост. Тој ја согледал разликата помеѓу македонските дијалекти и српскиот јазик, но сепак сметал дека ќе нема пречки за навлегување на српските книги и идеи длабоко на југ. Тој бил свесен и за опасноста која го демнела словенското население во Македонија од нивното понатамошно

---

[56] Љушиќ, Радош, Србија 19 век, том 2. 391.
[57] Ibidem. Првото издание искочило во 7000 примероци, а второто во 1991 година во 10000 примероци.
[58] Државен архив на Република Македонија, микрофилм 445, Constantinople, 10 february 1896, FO 26/1695.

бугаризирање. Многу научници и патописци кои патувале низ Македонија, Македонците почнале да ги нарекуваат Бугари, а таквите тврдења се ширеле благодарение на бугарските научници. Бугарите развиле организирана научна работа во Македонија, собирале македонска граѓа и давале нивни мислења како им одговарало. За разлика од Бугарија, српската наука во целост ја напуштила активноста во Македонија и со самото тоа ја скратила и поддршката од српската политика. Како последица на тоа Новаковиќ сметал дека треба да се поправи тоа што во изминатите години се пропуштило и во една пригода на министерот Груиќ му изразил жалење што тоа ширење и работа не се направила порано[59]. Бидејќи бугарската идеја пуштила длабоки корени во Македонија изгледало и невозможно да и се спротистави српската идеја. Како сојузник Новаковиќ го гледал дури и ширењето на македонизмот во извесни мудри граници одбележено со македонски дијалект и македонска посебност[60].

Во една друга дипломатска кореспонденција помеѓу Новаковиќ и Груиќ, Новаковиќ му ја прикажал на Груиќ целокупната состојба во европскиот дел на Турција. Така во писмото до Грујиќ кое датира од 1890 година Новаковиќ запишал: *"Ќе почнам со аферата на српските и грчките интереси. Многу сум ви благодарен за вашето соопштување кое ми го направивте од вашите односи со Грците. Јас можам да додадам дека Грците на уште една етнографска карта со текст печатена во Лондон на англиски јазик го обележиле со грчко-бугарски бои не само Скопје туку и Качаник скоро до местото Варош. И на најновата етнографска карта имаат грчки бои во својата Македонија до под Скопје. И они обично мислат дека*

[59] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV, док. бр.46
[60] Џамбазовски , Климент, Стојан Новаковиќ и Македонизам.141. 1966.

*прават некоја концесија кога го признаваат поголемиот словенски елемент во Северна Македонија....*
*Втора точка во која ќе има одбивност од страната на Грција е и прашањето за српските Владики особено јужно од Шар Планина и Качаник......*
*Трета тешка точка која нас не чека се градските српско-црквени прашања за општините по Македонија. Еден убав знак на успех на нашата пропаганда и видлив напредок во развој на српската мисла во оние краеви би било основање на српски градски православни општини. Маса на словенски жители по македонските градови вовлечена е во егзархиските бугарски-црквени општини. Но при својата сила на пропаганда бугарска особено во нејзиниот почеток, кога ние Србите со скрстени раце ја гледавме, и не сеќавајќи за жал што во иднина ни се подготвува, не сите македонски словени влегле во тие нови егзархиски оштини. И во Скопје и во Охрид (колку знам) без сомнение и во останатите места покрај бугарско-егзархиските општини се одржале и старите од нив православни општини, во кое и нешто наше се задржало... "*[61]

Стојан Новаковиќ постојано ќе ја следи ситуацијата и со црквеното прашање во Македонија односно распределбата на места за владици и добивање на берати. Важно прашање на Србија отсекогаш било поставување на владици Срби во европскиот дел на Турција особено во Скопје, Призрен и Охрид.

Барањата на Новаковиќ за поставување на српски владици не било нешто ново за него и во неговата работа бидејќи тој уште во 1887 година имал средба со патријархот Дионисиј каде го поставил тоа прашање пред него, каде што добил одговор и од самиот патријарх дека условоти за добивање на место за владика биле повеќе меѓу кои кандидатот да биде турски поданик, да

[61] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том V , книга I, док.бр 31.

имал завршено богословско училиште, да служел како свештеник и да знаел грчки јазик[62]. И во писмата на Новаковиќ до Груиќ од 1890 може да се види во кој правец требало да се движат работите за остварување на добивање берати за владици. Тој согледал дека тоа прашање мора да се врзе или развие со помош и на некоја друга страна а за такво нешто гледал во евентуалната подршка и помош од Грција или Русија.

Новаковиќ во разговорите што ги имал со рускиот пратеник во Цариград Нелидов, кои биле водени во ноември 1890 година, во врска со ова прашање тој се залагал кај рускиот пратеник да се добијат слични услови за Србите како што ги имале притоа Бугарите во Македонија, а тоа опфаќало Србите да имаат свои општини, училишта а како посредници да добијат и нивни српски владици. На крајот на февруари 1891 година тој ќе поднесе на Патријаршијата и детален ед-мемоар во кој ги наброил барањата кои ги имала Србија. Во мемоарот стоело барање да се врати редот во патријаршиската црква во Скопје за да се задоволи српско-словенската народност. Потоа барање за отварање на затворените српски ушилишта[63], и како главно во Скопје како место кое е наизложено на делување на шизматици, да се постават најдобри митрополити од Православната црква. Во овој опширен текст на Новаковиќ кој го поднел до Патријаршијата стоело и дека треба да се отвараат и православни словенски училишта, посебно во местата каде што ги немало како Куманово, Кратово и Тетово.

Новаковиќ се заложувал и за создавање на српки црковни општини во Македонија, уште во 1888 година тој сугерирал до Министерството тогаш во функција на амбасадор, да се пристапи

[62] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи ... Цит. Со поставувањето на тие барања за епископски кандидати, патријаршијата сакаше да ги сочува епископските места само за припадници на грчката народност како и за сите оние што беа воспитани во грчки училишта. 259.

[63] Vucinich, Wayne, Serbia between...,132. Тој за 10 години односно до 1901 година ќе успее во Македонија да има околу 300 српски училишта од кои 226 основни.26.

кон нивна реализација и основање сметајќи дека српската пропаганда во Македонија ќе ги надвладее своите противници до колку се создадат само десет силни општини. Се обидел повторно на почетокот на 1890 година со истата идеја да се основаат српски православни општини но овој пат се обидел со помош на Патријаршијата да се обиде во нивно реализирање. Првата српска црковна општина ја основал всушност неговиот конзул во Скопје во 1890 година таа сепак не била легална бидејќи не била призната од патријаршиската епископија, и таа всушност дејствувала како училишен одбор покрај легалната грчка општина. Откако во 1893 година Портата начелно ја одобрила работата на српските училишта во целиот Косовски вилает, тие православни црковни општини како што се нарекувале дотогаш почнале да се нарекуваат Српски црковно училишни општини.

Проценките на Новаковиќ за српските владици во европскиот дел на Турција не поаѓале од тоа дека српските позиции се до толку загрозени, всушност дека тие постепено се движеле кон подобро односно кон остварување на планот за добивање места за српските владици. Не било добро во конкретната ситуација само што не можело да очекува руска помош во врска со ова прашање[64]. Неговото мислење било дека Русите во тој момент не биле подготвени да се жртвуваат за Србите а при тоа да ги загубат Бугарите.

Новаковиќ ќе се обиде во 1891 година повторно да преговара за да се добие место за српски владика во Скопје, но дури тогаш кога ќе биде одбиен ќе му стане јасно дека изборот за добивање на место го води никој друг во Патријаршијата туку директно политиката на Атина во самата организација.

[64] Dalrimle, r. George. Lafan. The Guardians of the Gate, Oxford university press, Oxford, 1918.76

Владата на Саво Груиќ сепак го подржувала Новаковиќ и српските конзули во Турција да се обраќаат на грчките владици и Патријаршијата со барање да ги штитат, бидејќи тие во тој период биле единствената потпора. Меѓутоа Рашкиот митрополит Мелетиј, не покажувал никакво интересирање на српските молби. Патријаршијата исто така била рамнодушна. Со оглед дека грчката влада секогаш стоела позади патријаршијата, Новаковиќ и Грујиќ биле спремни да започнат преговори со грчката влада како би добиле од нејзе подршка. Меѓутоа иако мали знаци дал грчкиот дипломат во Цариград Маврокордато[65] на овие преговори, сепак се сомневал дека ќе покажат Грците некоја желба за договор во тој момент со Србите во однос на прашањето на Македонија. На Новаковиќ му биле од одамна познати сферите на грчки интерес па бил уверен дека околу тоа ништо нема да се движи лесно. Уште од 1885 година кога бил министер имал разговори со тогашниот грчки преставник во Белград Насос и му биле преставени од страна на Насос границите на грчките аспирации на Балканот. Грчката сфера на интерес била Тракија без источна Румелија, потоа јужна Македонија, со тоа што северната граница од исток кон запад би одела по должината на Неврокоп, Мелник, Струмица, Охрид и Драч, вклучувајќи ја Битола, така сите места освен Драч да и припаднеле на Грција[66].

Во март 1890 година Новаковиќ ќе направи план за да започне преговори со грчкиот преставник во Цариград Маврокордато[67], тие преговори ќе опфаќаат неколку точки, со кој би дошло до некој договор со Грција, од што би можело по него да започне нивната заедничка работа против бугарската

---

[65] Николаос Маврокордато во тоа време бил грчки амбасадор на Кралството Грција во Цариград.
[66] Kofos, Elefteros, Greek-Serbian Relations and Macedonia 1878-1896- *Greek-Serbian cooperation 1830-1908*, 102-105.
[67] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV , книга IV. док.бр.206 На тоа г. Маврокордато одговори дека по мислење на Грците Македонија се дели на три зони, јужна, средна и северна, за северната се мисли дека е српска(словенска) крај, за јужна дека е грчка, а за средна дека е мешавина.

пропаганда во Македонија. Потоа би се определиле српските и грчките сфери на интерес во европскиот дел на Турција, со тоа што во српскиот дел би требало да влезат Косовскиот, Битолскиот и северниот дел на Солунскиот вилает до Демир Капија со долината на Струма и Места. Грчката и Српската дипломатија во меѓувреме би требало да работат на ширење на идејата дека во Македонија освен Срби и Грци непостојат други народи. Грците би им помагале на Србите во српските делови да создадат српски општини и да воведат српска служба во црквите и за епископи во Скопје и Призрен би биле поставени Срби. Овој план од 11 точки Новаковиќ го испратил до министерот Груиќ на 7 март 1890 година[68]. Министерот Груиќ дури во август 1890 година позитивно му одговорил на Новаковиќ, добивајќи одврзани раце тој ги започнал преговорите со Маврокордато[69].

Првиот состанок се одржал помеѓу нив двајцата во август 1890 година. Како главни точки Новаковиќ ги истакнал именувањето на српски владици, како и обележување на српско-грчките територии. Маврокордато за првата точка немал приговор, додека со другите не се согласувал. Грчката страна си стоела на тоа дека јужниот дел на Македонија е нивна, средниот мешан и северниот српско-словенски. Со тоа Битола, Охрид и Струмица би биле градови кои би потпаднале под грчкиот дел. Новаковиќ му предложил тогаш на Маврокордато во договорот да има две главни точки: 1. Именување на српски епископи на епископските столици во Призрен и Скопје и барање останатите епископи во останатите епархии со српска народност да знаат српски и словенски јазик. 2. Одбележување на српскиот и грчкиот круг на акции во Македонија. За првата точка

[68] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том V , книга I, С. Новаковиќ-С.Груиќ, Цариград 23. февруар 1890.

[69] Доклестић, Љубомир,... Веројатно поради тоа што предлагаше да и се направат поголеми отстапки на Грција во јужниот дел на Македонија, Новаковиќ за неколку месеци не доби одговор од Белград.253

Маврокордато веднаш се согласил, бидејќи според него тие биле делови на територија каде Грција не можела да и ги оспорува на Србија. Додека за втората точка не можеле да се сложат меѓусебно [70]:

„Разговорот за втората точка беше многу долг и јас видов дека не се излажав, што ја обележив како најзначајна г. Маврокордато започна да ме прашува што мислиме за Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора. Јас на кратко му ги кажав нашите мислења. Му кажав дека не ги бараме нашите права во Босна, но и дека немаме некаква посебна грижа за самиот опстанокот на нашиот народ во тие земји. Додека помеѓу Србија и Црна Гора односите се подобрени и дека од национална страна најопасно сме загрозени од јужната граница, а најмногу од Бугарите кои се со нас една вера и скоро ист јазик, но во самите аспирации се судираме. Полето на тој судар е Македонија. И поради тоа што Грците се во слична положба во Македонија тоа е причина плус за нас но и за нив за да сепостигне договор. Единствено со заедничка работа можеме и ние но и тие во заедно поуспешно да се одбраниме од неправедните бугарски аспирации, поради тоа можеме и ние на населението да им ја дадеме основата која им ја давала бугарската пропаганда, односно словенски јазик и народно образование. Со овој разговор прашањето беше поставено на правата точка, односно што треба понатаму да се прави во Македонија".

Од овој и наредниот состанок што се одржал во септември се согледало дека Грците не ги менуваат ставовите, а дополнително Маврокордато следните разговори ги пренасочил да се водат преку грчиот преставник кој требал да биде поставен

[70] Граѓа за историјата на Македонскиот народ од Архивот на Србија, том V, книга I, док. Бр. 411.

во Белград[71]. Тоа значело дека се одложуваат преговорите, бидејќи грчкиот крал не се знаело кога официјално ќе го посети Белград, за да се именува амбасадор. Од тој момент Новаковиќ ги прекинал веќе разговорите со Маврокордато[72]. Со тоа што останале отворени прашањата само со патријаршијата. Новаковиќ му предложил на новиот министер за надворешни работи на Србија Владан Ѓорѓевиќ српската влада да именува српски амбасадор во Атина и од таму да се продолжат идните разговори со Грција[73]. Во тие преговори Новаковиќ нема да учествува повеќе а во октомври 1891 година ќе биде сменет и од функцијата амбасадор во Цариград и ќе биде повлечен во Белград[74].

Договор помеѓу Србија и Грција не била можна во тоа време бидејќи и српската влада но и грчката не сакале да го препуштат поголемиот дел на територијата во Македонија, Србите сметале дека постојат и други патишта за успешна работа на српската пропаганда во Македонија. Додека грчката влада не сакала да помисли тогаш границата да се движи ниту до краиштата северно од Битола, каде што веќе нејзината пропаганда била потисната

---

[71] Доклестић, Љубомир, Српско-македо ... Владата на Трикупис несомнено сакаше да добие во време, за да ја принуди Србија да ги прифати нејзините услови во Македонија. Својот план таа не успеа да го спроведе, зашто набрзо мораше да се симне од власт, а владата што ја замени не беше расположена да преговара со Србија во врска со Македонија. 254.

[72] Јовановић, Слободан, Влада Александра Обреновића, Геце Кона, Београд,1931. И во 1899 година биле водени преговори за поделба на граничната линија помеѓу Грција и Србија. Владан Ѓорѓевиќ тогаш бил премиер на Србија а преговорите за Србија ги водел кралскиот секретар Михаило Миличевиќ, во Атина со премиерот на Грција Теотокис и грчкиот министер за надворешни работи Атосом Романосом. Границата се движела слично со таа граница која била од договорот помеѓу Маврокордато и Новаковиќ, односно Дебар, Велес, Штип и радовиш би биле српски. Грците им давале места за владици во Призрен, Скопје и Велес, за против услуга србите требало да ги укинат конзулатите во Серез, Солун и Битола. Преговорите се прекинале во последен час, поради тоа што грците не сакале тие берати за владици да бидат за стално дадени.

[73] Доклестић, Љубомир,... Стојан Новаковиќ, уверувајќи го Владан Ѓорѓевиќ пред неговото заминување во Атина во 1891, дека незавидната положба на српската пропаганда во Македонија бара меѓу Србија и Грција што побргу да дојде до поделба на интересни сфери во Македонија, па и по цена на поголеми отстапки на Грците во средишниот дел на Македонија, го предупреди дека треба само да се заузда шовинизмот во Белград, ако се сака во тој правец нешто да се постигне.240

[74] Ѓорѓевиќ, Владан, Србија и Грчка, Српска краљевска академија, Београд, 1923. Поставувањето на Псилас е уништено, а српската влада го отповикала од Цариград г. Новаковиќ кој г. Груиќ, бар за тоа прашање, нема да најде никаква замена.82.

од бугарската Егзархија. Грчката влада во тој момент сметала дека за евентуалните отстапки што би ги направила за Србија во северниот дел на Македонија, од Србија не би добила никакви противуслуги во средишниот и јужниот дел на Македонија, затоа што српската пропаганда до 1897 година во Битолскиот и Солунскиот вилает не преставувала никаква посериозна сила. Евентуалното препуштање на еден дел на Србија од црковната организација во северниот дел на Македонија, би значело дека дел на Македонија би бил засекогаш загубен за Грција.

Надворешната политика на Кралството Србија во Турција, на преминот од 19 во 20 век и нејзината меѓународна положба, Стојан Новаковиќ ја посматрал и ја разбирал на два начина, од една страна на геополитика, како политичар и државник и од друга страна на база на национална политика, како историчар. Во првиот случај ја забележал нејзината неповолна географска положба во современите меѓународни односи, оценувајќи дека тогаш Србија се наоѓала во незавидна положба и опкружена со потенцијални непријатели. Во другиот случај забележал осека на национални акции во српските земји под турска и австроунгарска териториа, посебно после 1878 година. Во Австро-Унгарија тоа било поради Тајната конвенција од 1881 година, а во Турција поради европската а пред се австроунгарската-руска политика на status quo на Балканот, што во стварност значела дипломатска заштита на целовитоста на Турција. Ваквиот гарантиран интегритет на Турција, значело потиснување на ослободителниот процес на балканските христијански народи под отоманска власт. Во таква ситуација Новаковиќ мислел дека Србија сепак можела да ја активира националната политика спрема своите сонародници во Турција, додека спрема Австро-Унгарија тоа не било возможно. Тоа мислење ќе го задржи се до анексионата

криза од 1908-1909 година[75]. Задоен со словенофилските идеи Новаковиќ најпрвин бил за меѓусловенска солидарност, политичко зближување на јужнословенските народи. Во младоста тој бил за заедничка српско-бугарска држава во духот на кнезот Михаило и неговата политика за заедничко соединување на Балканот, но тој концепт после Санстефанскиот договор[76] и војната од 1885 година се распаднал и самиот тој се воздржувал да пишува не критички за тенденците на бугарската надворешна политика. Новаковиќ во неговата книга Бугарско-српки рат во 1908 година напишал дека тој "секогаш бил за сојуз на балканските народи, но оти секогаш бил најпрвин тоа така да го работат и сите останати, бидејќи таа политика инаку на Србија би и донела да остане искубана до гола кожа, допуштувајќи во име на балканската заедничка работа да ја кубе кој од каде што ќе стигне"[77].

Така тој после едно утописко размислување во раната младост, ја заменил својата концепција за српската национална политика во еден друг националистички прием и политика. Македонското прашање по Новаковиќ се појавило тогаш кога после 1878 година-Егзархијата не успеала во своето настојување да изврши целосна трансформација на народната свест на жителите на Стара Србија и Македонија[78]. Иако пробала Егзархијата сепак нејзиниот обид за создавање на бугарски индентитет не успеал, но сепак успеала да изврши големо

---

[75] Новаковић, Стојан, Радови мемоарског карактера, Завод за уџбенике, Београд, 2007. ,429.

[76] Temperley, Harold, History of Serbia, G. Bell and Sons Ltd. London, 1919. 268. После турско Руската војна (1877-1878) година е потпишан Сан Срефанскиот мир на 3 март 1878 година, договор кој предвидуал во останатото создавање на голема Бугарија(како руски сателит) со територии на денешна Македонија, дел од Србија и дел од грчкиот дел на Македонија.

[77] Јовановић, Слободан, Влада Александра Обр....133.

[78] Доклестић, Љубомир,...Беше потребно да помине скоро цела деценија додека погледите на српските екстремисти за српскиот карактер на Македонија во поголема мера или помала, не влегоа во програмата на српските политички партии и на српската државна политика. За тоа пресудна улога одигра Сан Стефанскиот договор и во него предвидената Велика Бугарија што ја опфаќаше Македонија и еден дел на Стара Србија.

влијание во сите области на народното живеење, успеала да ја раздели народната маса на два дела, всушност се создале две неформални политички групации во народот, едните кои биле со Егзархијата а другите со Патријархијата, односно едните почнале да ги нарекуваат бугарофили а другите србофили од македонскиот народ.

Стојан Новаковиќ сметал дека на државниот врв на Турција му одело во прилог таквата ситуација. Турција да им помага на Бугарија и на бугарската концепција со доделување на црковни места и создавање на бугарски училишта во Македонија, со што би постигнале нивно меѓусебно српско-бугарско разединување и услови за нивна понатамошна меѓусебна борба[79].

Како човек од добро политичко и државно искуство, Новаковиќ сметал дека поради српско-бугарските односи кои во тој момент биле невозможно да се подобрат, требало да се преземе и започне со разбивање на бугаризмот во Македонија по секоја цена. Тој сметал дека со формирање на српска црква и училиште, ќе се стопира процесот на бугарската пропагадна пенетрациа.

Барањата до Портата и до Фанарот за добивање на српски владици, за признавање на српската народност и отварањето на српски училишта биле трите постулати на кои требало со помош на конзулатите во Скопје, Битола и Солун, да се спречи Егзархијата и да се зајакне српската национална свест во многу краеви на Македонија. Тоа било потполно во склад со неговите начелни погледи за просветлување на народот и негово духовно будење и негова политичка еманципација. Новаковиќ лично се

---

[79] A.H.E.Taylor, The future of the southern slavs,Dodd, Mead and Company, New York, 1957.40 ....Со добивањето на Конзулат во Скопје и со признавањето на Српскиот милет во 1900 година, од страна на портата имале желба да играат на база на националноста, односно да ги свртат Србите против Бугарите еден против друг.

залагал и за полна легализација на српската народност во сите три вилаети на Румелија: Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот. Во тоа ги упатувал и српските конзули интезивно да го пратат животот на народот и неговите потреби. Тој така се залагал и за Србија да добие што поголеми овластувања во транзитот и пласманот на својата трговија, посебно преку Солун, но и за отварање на српски трговски преставништва во поголемите места на Македонија. Се грижел исто така и за отварање на српска гимназија во Цариград и за образување во нејзе на деца од различни краеви на Македонија.

На македонското прашање Новаковиќ исто така гледал од две страни, од ретроспектива на нејзинато историско минато и од нејзината актуелна состојба[80]. Новаковиќ не бил националист во буквална смисла но сепак работел за националната политика и прашање на Србија. Новаковиќ начелно може се залагал за некаква балканска федерација во почеток на неговата кариера, но кога подлабоко навлегол во меѓународните проблеми и односи тој се повеќе решението на проблемот со Македонија го гледал во тоа што историското ривалство помеѓу Србија, Грција и Бугарија единствено би се решиле по патот на поделба на територии. Тоа би довело не само до рамнотежа на силите туку и до баланс на состојбата на Балканот.

По него разграничувањето со Бугарија требало да биде на реката Струма, а спрема Грција би било јужно од Струмица и Битола. Таква поделба на сфери на интерес требало да послужи, за овозможување на стабилна работа на српската влада. Стојан

---

[80] Џамбазовски,Климент, Стојан Новаковиќ и Македонизам, Стојан Новаковиќ во извештај до министерството за надворешни работи од 8.10. 1888. по повод разговорот со баронот Калише во Цариград што го имал, го изнел своето мислење по Македонското прашање-(ако македонското прашање) се извади од сферата на политиката па се погледне од научно и академско-може по строгата наука да се најде дека Македонците ја завземаат прелазната врска помеѓу Србите и Бугарите, што значи за понатамошна расправа каде со нив, треба да се земе во сметка и другите политички, историски и географски фактори и по тоа Македонија личела на Малорусија, која стои помеѓу Русија и Полска и на Провансија која стои помеќу Италија , Шпанија и Франција.

Новаковиќ и пред и после руско-австрискиот договор во Мирцштег[81] 1903 година, бил против бугарска доминација на Балканскиот полуостров и против идејата за автономна Македонија, која ја сметал како варијанта на неостварена желба на Санстефанска Бугарија.

Во дипломатскиот кор додека го застапувал кралството Србија во Цариград, тој одржувал пријателски врски со сите преставници на државите кои биле акредетирани кај Портата, но посебно добри односи имал со Рускиот амбасадор.

Новаковиќ во Цариград успеал многу да ги зајакне позициите на Србија во Стара Србија и Македонија. Цариград кој тогаш бил престолнина каде се прекршувале интересите на разни држави, вклучувајќи ги и балканските, бил истовремено и центар на Вселенската патријашија и Егзархијата, тие биле главните организации преку кои Грците и Бугарите ја воделе борбата околу Македонија за докажување на своите етнички граници[82]. Новаковиќ си ставил пред себе задача, од Цариград да ја води неговата организација, а со помош на легално културно-образовна програма да ја води пропагандата во Македонија. За дел од тие активности се обидувал да добие и легална дозвола од турските власти. Со што многу брзо постигнал и големи резултати во европскиот дел на Турција, на тој начин и станал вистински татко на српската духовна пропаганда во Турција[83].

---

[81] На 02.10. 1903 година Австро-Унгарија и Русија во малото место Мирцтег донеле реформна програма за Македонија"Мирцесгтшки реформи" со кои кај Хилми паша, главен инспектор за Македонија, се назначуваат и два инспектори од Австро-Унгарија и Русија кои ќе ја надгледуваат работата на турската администрација, странски генерал ја реорганизирал жандармијата, мешовита христијанско-муслиманска комисија ги иследувала штетите од востанието итн.

[82] Џамбазовски, Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, ИНИ, Скопје, 1960. Под притисок на организираната пропаганда на Цариградскта патријаршија и Егзархијата, после седудесетите години на XIX век настанала поларизација на македонското население кон црквата на која се определувале. Целокупниот просветен и политички живот на македонскиот народ го контролирале Цариградската патријаршија и Егзархијата. 66.

[83] Доклестић, Љубомир, Српско-македонските односи.....Особено Новаковиќ ќе постигне успех од 1895 до 1897 година каде самите околности и случувања во Турција ќе му дозволат да ги искористи како и помошта од Русија која во тие години имала големо влијание во Цариград. Во тие погодни

Отварал српски конзулати, училишта, цркви, читални, се разнесувале книги и весници, а во исто време покрај овие активности преговарал и со Портата и со Патријашијата. За Новаковиќ може само да се каже уште дека бил вистински пример за дипломат кој знаел како и зошто се работи и делува како преставник на својата земја.

Претпоследен пат Новаковиќ се јавува во дипломатска мисија за време на анексионата криза. Владата на чело со Милован Миловановиќ го праќа во Цариград веднаш после прогласувањето на анексија на Австроунгарија врз Босна. Целта на неговата мисија била со посредство на непосредни преговори да ги убеди Турците да останат на ставот на своите права кои им ги нудел Берлинскиот договор. Младотурците чиј успех во јули 1908 година, ги распалило отоманските национални чуства, сепак сметале дека Босна и Херцеговина се изгубени територии, а нивното право преку договорот од Берлин[84] е само формално. Како и да е Новаковиќ имал уште едно искуство со Турците и увидел дали се млади или стари, тие во Цариград останувале исти. Под притисок на Англија и Русија, прикажувале дека сакаат да преговараат со Србија, но од друга страна преговарале и со Австрија како јавно така и тајно. Во јануари Австроунгарија успеала да ја убеди Турција материјално да ја награди да и плати, односно да ја спречи нејзината активност во Србија и пред меѓународната заедница[85]. Новаковиќ се вратил во Белград не завршувајќи ништо во Цариград. Анексионата криза завршила

---

оклности српските влади од 1895 до 1897 постигнале неспоредливо поголема корист за српската пропаганда во Македонија одошто во целата своја работа во тој правец кај Портата и кај Патријаршијата од 1885 до 1895 година. 277.

[84] Stavrijanos, Leften, Balkan since 1453, Holt, Rinehart and Winston, New York, 1959. str. 378.

[85] Temperley, Harold, History of Serbia. Поточно и платила околу 2.500 000 милиони фунти како компезација врз повредата на правата на Султанот.303

во март1909 година. Нејзиното решение ќе биде еден голем понатамошен успех за Тројниот сојуз.[86]

## 2.2 Во Париз и Санкт Петербург

Во Париз Новаковиќ долго не се задржал, одвај неколку месеци. На тоа место Новаковиќ бил незадоволен, мислел дека во Париз нема што да работи, така и не останал долго. Само што се вселил во Амбасадата, а веќе бил викнат назад во Белград од страна на кралот Александар. Поради веридбата што ја имал кралот Александар во тој период му било потребно да биде примен тој чин и на рускиот двор, па затоа и ќе го препрати Новаковиќ на новото место амбасадор во Санкт Петербург[87]. Новаковиќ ќе отиде да ја извршува новата должност есента 1900 година. На новата положба ќе остане неколку години, но неговата работа таму повеќе ќе биде научна односно повеќе ќе се зафати на истражување на историјата и архивите, отколку на самата должност на дипломат. Целата 1901 година ќе се занимава со историја на дипломатија, од каде ќе ги издаде двете расправи Ичков мир и Букурешкиот договор. Од руските архиви ќе ги извлекува документите кои биле поврзани со Србија и понатаму ќе ги објавува. Тој сепак не бил целосно задоволен бидејќи не

---

[86] T.K.Derry and T.L.Jarman, “The European world 1870-1975”, Bell & Hyman, London, 1980.

[87] Јовановић, Слободан, Влада Александра Обреновића, Кралот го избрал Стојан Новаковиќ. Како министер за надворешни работи во 1895/6 Новаковиќ се здобил со руска доверба, но во кралските очи тој имал уште една предност што не бил радикал туку напредњак. Врските со Русија повеќе ги вршел преку нерадикали, од радикалите се плашел да не ја вовлечат Русија во внатрешната политика на Србија и со помош на нив да ја освојат власта во Србија.

можел ништо да направи со ситуацијата во Македонија, иако неколку пати интервенирал лично кај рускиот министер за надворешни работи. Во тоа време руската помош не била од некоја поголема корист, Русите иако добро стоеле во Цариград тие сепак не дејствувале, имале свои поприотетни работи, но сепак и двата претходни договори потпишани со Австро-унгарија им ги врзувале нивните раце за било какво дејствување. Едниот од посетата на Франц Јозеф на Петербург[88], а другиот на возвратната посета на Николај 2 во Виена 1897 година. Сепак рускиот министер Ламсдорф знаел дека за разлика од нив Австрија не седела мирна. Токму тоа Ламсдорф му го укажувал на Новаковиќ, дека Австриците користат ралични игри и дека Србија треба да се пази од нив. На таа акција од Австриска страна Новаковиќ преземал некои повратни активности за да се обиде да воспостави некој ред во Стара Србија пред да започнат реформите, кои биле се уште во фаза на нивно правење.

Стојан Новаковиќ во Петербург се нашол во една нова ситуација која барала од него помалку дипломатска активност а повеќе размислување, проценување и предложување на сопствени решениа. Главната тема на неговото интересирање во Санкт Петербург останала иста како и во Цариград следење и предложување на наредни чекори за Владата на Србија во однос на политиката и прашањето за Македонија. Мислел тоа да го покрива со пратење на тогашната руска државна политика и самото однесување во официјалните и неофицијалните кругови во Петербург споредно и од сознанијата до кој би ги добивал од преставниците на големите сили. Во тоа време во Петербург доста се зборело за реформи и автономија за Македонија. Тоа било едно од најактуелните прашања, внимание на кое и обврнувала јавноста, но и печатените весници. Тоа било и негово

[88] Јелавич, Барбара, Историја на Балканот, Том 1, Лист, Скопје, 1999.

најважно прашање во Петербург со што сакал да и даде до знаење и на неговата влада. Во повеќе негови извештаи тој ќе ја запознае српската влада со идеите за реформи. По ова прашање ја предупредил Србија дека не треба да се спротиставува за да не го изгуби својот престиж на христијанска земја, но не би требала да биде и со Турците а најмалку не смеела да дозволи Бугарите да се преставувааат како легитимни наследници и заштитници на Македонија. Тој ги советувал дека една од најголемите работи на српската политика била што може побргу да најде начин да се уништи врската помеѓу македонското население со Бугарија, која пак цврсто во свои раце ја држела егзархиската организација. Новаковиќ во своите размислувања и гледишта во тој период не ја отфрлал ни автономијата на Македонија[89], сметајќи дека таа не преставувала опасност за Србија, само ако при тоа не ја искористи Бугарија со метод сличен како случајот со источна Румелија од 1885 година. Новаковиќ согледал и дека за да има еден дипломат успешна дипломатска мисија потребно било и подршка од тамошното јавно мислење во самата држава каде бил и преставник, а за тоа морало да се ангажираат што повеќе поединци за да објавуваат што поголем број на статии по весниците. Тој начин на работа го забележил во Петербург кај сите други преставници -Амбасадори вклучувајќи ги тука и Бугарите.

Новаковиќ се определил водењето на српската политика во европскиот дел на Турција да се движи со помош на големите сили и со заеднички договор на балканските соседи, тој во тој момент бил против секаков непромислен радикален чекор на Србија во Македонија. Во извештаите од 1902 и 1903 година кој ги испраќал во Србија, тој нив ги известувал за акциите и

[89] Џамбазовски,Климент, Стојан Новаковиќ и Македонизмот... На тие три основи на посебна црква, посебен јазик и на самостојна автономна организација под крилата на Султанот и Патријархот би се темелеле по нивно мислење идната автономна организација на Македонија.

активностите на Бугарите во Македонија, како и на делувањето на македонските комитети во Македонија[90]. Тој ги предупредувал да не влезат и Србите во некоја авантура со што би се загрозил сопствениот српски интерес. Само со лојално држење со Турците сметал дека Србија може нешто да добие во тој момент. Таа проценка ја дал на база на информациите кои веќе ги имал добиено за подготвувањето на востание во Македонија за пролета 1903 година, а притоа плус знаејќи дека Турција уште од 1902 година ја зголемила и стационирала својата војска и тоа со одобрение на Русија и Австро-Унгарија. Новаковиќ бил сигурен дека ако Србите земат учество во евентуалното движење во Македонија, тоа би донело само за Србите истребување од Турција. Таквата ситуација Австро-Унгарија можела да ја искористи понатаму во своја полза и да доведе до ситуација да ја стопира Србија со што би им било овозможено на Австро-Унгарија да го окупираат делот од европска Турција. Новаковиќ имал лоши предпоставки во тој период за евентуално дигање на востание.

Стојан Новаковиќ бил во можност од таму да ги следи и реформите во Македонија после неуспешното Илинденско востание. Преку известувањата кои ги добивал од министерството за надворешни работи на Русија, го прател и планот на изработка и спроведување на реформи во Македонија. По него договорот на големите сили за реформи преставувало во основа нивна заложба кон таа земја и без тоа како таа би се развивала и што би се случувало понатаму, тие не би ја испуштиле од раце пред се поради тоа да не дојде во рацете на

[90] Ibidem. Како некогаш пред 15 години, Стојан Новаковиќ повторно ја советувал српската влада да води мирна политика спрема македонските сепаристи-во случај со реформата во Македонија навистина се оствари каква и да е автономија несомнено е дека за српските интереси најголема опасност била и ќе остане тежнеењето на бугарските партии Македонија да ја соединат со Бугарија по примерот на Источна Румелија. Со тоа и мене господине Министре ми се чини дека работата на овие млади луѓе за сега ни малку не се коси со интересите на Србија и дека има причина да им се помага материјално, ако е тоа во можност.

самите балкански држави. Со тоа балканските држави не би дошле до ситуација самите да го контролираат процесот на распаѓање на Турција. Меѓутоа на Новаковиќ го плашеле два можни понатамошни проблеми, а тоа било држењето на Бугарија и меѓународната положба на Русија. Доколку Бугарија би тргнала кон Македонија со војна и политичка експанзија, верувал дека може да се случи во Македонија да биде воведена некоја странска окупација. Со тоа би се случила слична ситуација како во 1878 година, кога непромислената политика на Србија, Црна Гора и Русија ја вовеле Австроунгарија во Босна, пред себе Србија ја добила Санстефанска Бугарија и Берлинскиот конгрес. Странската окупација на Македонија би била почеток на делба на Турското царство, но од страна на големите сили. Затоа тој ги предупредувал српските власти дека во движењето на Србија не би требало да има нешто што би било радикално. Секоја промена би било промена и на Берлинскиот конгрес, а тогаш Србија би требало да се грижи и за судбината на Босна и Херцеговина и на Новопазарскиот санџак. Србија по него требало да се држи до Русија[91] и со нејзина помош да се пази да не се оштетат некои српски интереси во Турција.

Но меѓународната положба на Русија во тој период била во доста неповолна позиција, нејзината војна со Јапонија ја донела во незгодна меѓународна положба. Новаковиќ се плашел дали Русија ќе го зачува своето достоинство и меѓународен престиж. За Новаковиќ само силна Русија била во корист за Србија, во таква лоша меѓународна положба како што се наоѓала Србија и Русија во тој момент, тој го завршува својот мандат во Петербург во ноември 1905 година.

.

[91] Ibid. Но и самиот крал Александар после неговата веридба надворешната политика ќе му биде проста и јасна целосно свртена кон Русија. Стојан Новаковиќ ќе се обиде есента 1902 да им обезбеди прием на Александар на рускиот двор, кој нема да се реализира. 290.

## 2.3. Лондонската конференција

По завршувањето на војната на балканските држави против Турција каде што балканските сојузници триумфирале, а Турција била победена[92] големите сили одлучиле да свикаат конференција за мир која требало да се одржи во Лондон. По предлог на тогашниот претседател на Српската влада Никола Пашиќ[93], се одлучило Стојан Новаковиќ како веќе еден од најдобрите нивни дипломати и познавачи на балканските збиднувања, да ја предводи нивната делегација во Лондон. Иако во тоа не бил целосно убеден Новаковиќ доживеал во текот на својата дипломатска кариера не само да се склопат српско-бугарски сојуз и бугарско-грчки сојуз, туку и нивниот сојуз да се оствари. Новаковиќ тоа го увидел во 1909 година кога со кралот на Бугарија Фернинанд и во друштво со Јован Цвијиќ, биле на Копаоник, тогаш балканскиот магионичар- Фернинанд му говорел на Цвијиќ дека би го дал Скопје на Србите ако неговите во Софија биле луѓе[94]. Се до почетокот на војната 1912 година, Новаковиќ не се знае дали бил информиран дека владата на Миловановиќ во февруари истата година склучиле еден таен

[92] Jacob Gould Schurman, Balkan wars 1912-1913, Cosimo Classics, New York, 2005. Првата Балканска Војна-војна на Алијансата против Турција завршила на начин кој сите ги изненадил во светот. Сите очекувале победа на Турција. А резултатот од Балканските војни бил потиснување на Турција од Европа и територијално проширување на Србија и нејзината сестринска држава Црна Гора со анектирање на на териториите на Турција кои се наоѓале помеѓу Австро-Унгарија и Егејот.

[93] Trotski, Leon, The war correspondence of Leon Trotsky, Pathfinder press, New York, 1980. 82. Српската мировна делегација ја водеше Новаковиќ. Добар дел од Српската историја се засноваше во оаа политичка фигура, меѓу другото Новаковиќ не се сметаше за творец на историја кое и бил, но и политичар учен филолог и историчар.

[94] Новаковић, Стојан, Споменица, Оп. цит. Београд,1921.

сојузен договор, но со сигурност се знае дека како водач на делегацијата му биле дадени оригиналните документи од српско-бугарскиот договор со оригинален потпис на кралот Ферининанд. Не се знае дали тој лично бил задоволен од договорот со Бугарија но со оглед на тоа што имал секогаш негативни мислења кон Бугарите, повеќе било од чисто дека не бил задоволен од тој договор. Така тој реагирал во договорот за спорната зона помеѓу Шар Планина и Рила, која останала непрецизирана поради која и после ќе се јави спор помеѓу Бугарија и Србија, додека на самата конференција ќе испадне и неговата лична прогноза на превртливоста која ја поседувале Бугарите.

На 16 декември 1912 година преставниците на Балканскиот сојуз и Отоманската Империја се сретнале официјално во Лондон во палатата на Сент Џемс и ги започнале преговорите. Главниот Бугарски преставник бил енергичниот Др. Данев, Грција ја преставувал нивниот премиер Елефтерос Венизелос[95], каде неговите сопствени вештини и способности допринеле да извршат симпатии кај големите сили при самите преговори. Србија ја преставувал како што спомнавме поранешниот премиер на Србија Стојан Новаковиќ, додека Турција била преставена од нејзиниот амбасадор во Франција Мустафа Решид Паша. Од самиот почеток Турците ја примениле тактиката на чекање односно на задржување и добивање на време. Се надевале дека со добивање на мал одмор, било можно повторно да ги реорганизираат армиите, но и се надевале на добивање на некој бенефит околу несогласувањето кои се појавиле на конференцијата помеѓу Големите сили по прашањата на

[95] Jacob Gould Schurman, Balkan wars1912-1913, Cosimo Classics, New York, 2004. 57, Елифтерос Венизелос(1864-1936) бил најголемиот грчки политичар и државник на 20 век. Како државник со визија знаел дасе припреми за балканскитевојни и преговори.

распределба на Балканот[96]. Поради присуството на Грците а кои го немале потпишано претходно примирјето со Турција биле преговорите кратко прекинати. Преговорите продолжиле на 24 декември кога сепак Турците прифатиле да преговараат со Грците на иста маса. Тогаш само што започнале преговорите повторно се појавило ново отворено прашање а сега се однесувало на прашањето околу Одрин. Тука се јавиле и Бугарите со барање, но и Грција која ги барала четирите Егејски острови Самотраке, Имброс, Лемнос и Тенедос. За Турците ова прашање посебно по Одрин било од витално значење по основа на близината на самиот град, но и на безбедноста на Цариград . Бугарите сакале Одрин да биде нивна можна конпезација за можните загуби од Србите што би можеле да се јавеле во однос на спорните зони од Македонија и да би ги оправдале нивните тешки загуби во битките за Тракија. На 1 јануар 1913 година Турците предложиле договор за мир, со што ги прифатиле сите загуби на територии западно од Одрин, но одбиле да ги потврдат губењето на Тракија и Егејските острови. Како резултат на ова преговорите биле прекинати на 6 јануари 1913. Данев подоцна изјавил дека ако Бугарија не инсистирала на добивање на Одрин би бил потпишан финалниот мировен договор во Лондон со што Првата Балканска Војна би завршила во Јануари 1913 година, а Втората Балканска Војна немало воопшто ниту да почне.

Лондонската Амбасадорска Конференција била уште поважна од претходните преговори бидејќи на неа учествувале шесте Амбасадори на Големите Сили потписнички на Берлинскиот Договор. Тие биле загрижени од развојот на настаните на Балканот, бидејќи било можно конфликтот да искочи од своите граници со што би биле инволвирани и други Европски држави што би значело и војна во рамките на самата

---

[96] . Richard. C. Hall. The Balkans Wars 1912-1913. Routledge. London, 2000.70,

Европа. Освен проблемите со Грција, Бугарија и Србија овде се појавил уште еден проблем а тоа било прашањето за Албанија. Австро-Унгарија[97] по никоја цена не дозволувала излез на Србија на Јадранско море со тоа всушност и била и дадена самата независност на Албанија, додека пак на Србија како конпезација за загубите и била ветена Македонија[98].

Според мислењето на Новаковиќ од 11 ноември 1912 година, кога Турција им понудила на сојузниците преговори за мир, па се до Букурешкиот Мир 1913, постојано се појавувала превртливоста на Бугарите. Во Лондон Новаковиќ имал многу тешкотии поради ваквото однесување на Бугарија. Грците и Бугарите се уште не можеле да ја напуштат својата мегаломанија односно да се откажат од своите барања, сите големи сили се уште не ја имале прифатено програмата на балканските сојузници како сериозна база на нивната политика. Новаковиќ кој во Англија имал добро портфолио и важел за успешен дипломат помеѓу балканските дипломати, имал тешкотии да се бори со балканските преставници но и со големата неинформираност на странските преставници на конференцијата. Со сталожено држење и трпеливост тој успеал да го зачува ставот на балканските држави према Турција. Со оглед дека во Лондон се одржувала паралено и амбасадорска конференција на големите сили за создавање на Албанска држава, Новаковиќ постојано вршел притисоци кај амбасадорите учесници, да не се загрозат границите на Србија на сметка на новата држава. Голема е неговата заслуга во докажувањето дека Призрен, Пеќ и Дебар требало да бидат во составот на Србија бидејќи границите на Албанија биле повлечени на сметка на Србија. Со оглед на тоа

[97] Dalrimle, r. George, Lafan, The Guardians of the Gate, Oxford university press, Oxford, 1919. 140. Со добивањето на автономија на Албанија тоа практично значело победа на Австро-Унгарската политика, но и нејзино понатамошно навлегување. Сепак главнаца цел била истиснување или враќање на Србија повторно назад од излезот на море.

[98] Ibidem.76.

што со создавањето на новата држава Србија ја изгубила можноста за излегување на Јадранското море, Новаковиќ сметал дека треба да се направи ревизија на српско-бугарските граници во Македонија. Од Лондон му упатил писмо на Пашиќ дека требало да се поништи договорот со Бугарија за сојуз со Србија, бидејќи бил безвреден затоа што настаните го поминале и Србија требало да ја задржи Македонија која во текот на војната ја освојила. Напорен и вреден сепак ќе ги издржи притисоците и на неговата дипломатска мисија во Лондон, на која поради пазарење и одбивање на договор сите балкански сојузници, ќе бидат исфрлени од конференцијата. Неговата мисија во Лондон ќе биде и последната дипломатска мисија во неговата долгогодишна работна и национална кариера .

# Глава 3

## Политичар

По неговото враќање од Цариград во 1891 година, тој мислел да се повлече целосно од политичкиот живот и да се посвети на науката. Самиот Новаковиќ им признал на пријателите дека напуштањето на функцијата амбасадор и со самото повторно започнување да работи на неговите научни трудови му дошло како одмор во неговиот живот. Посветувајќи се на научната работа сакал да биде тргнат на страна од политиката. Но сепак останал пострана да ја прати политичката ситуација во Србија, која во тој момент била во доста лоша состојба, на Пашиќ[99] владата барала вонредно свикување седница во Собранито за да се одбере нов член за наместник но тоа било одбиено, по што Пашиќ поднел оставка. Новата влада на чело со Јован Авакумовиќ била од редовите на либералите, нивното владеење ќе создаде права криза во државата. Новаковиќ иако ја прател заоштрената ситуација во Србија, тој не давал никакви изјави јавно. Тој на либералите гледал доста критички, сметал дека со нивната ароганција и безобзирност направиле многу штета во државата.

Стојан Новаковиќ, иако постојано работел на научните трудови, тој прифатил да влезе како пратеник во српското Собрани каде постојано си ја исполнувал неговата пратеничка функција. Не бил задоволен од работата на Српското Собрание, но сепак тоа

---

[99] http://www. Britannica.com. Никола Пашиќ српски политичар и дипломат, лидер на радикалната партија, неколку пати премиер на Кралството Србија(1891-92, 1904-05,1906-08,1909-11, 1912-180 подоцна премиер и на Кралството СХС(1918,1921-24, 1924-26). Пашиќ бил еден од најдоминатните личности во политиката на Србија на сите времиња.

го вовело повторно во политиката. Многу внимателно ќе ги следи и економската и политичката состојба на Србија и ќе согледа дека и политичкиот но и економскиот застој во трговијата со Австро-Унгарија не биле поволни по самата држава. Повторно негово навлегување и вклучување во работите во водењето на националната политика кон Турција, му се овозможило преку влегувањето во 1894 година во Просветниот одбор при Министерството за Надворешни работи. Одборот со вклучувањето на Новаковиќ го добил најдобриот познавач на ситуацијата во Турција. Со неговото влегување тој одбор ќе започне да работи со полн обем иако бил создаден уште пред четири години пред тој да дојде.

Распишувањето на нови избори во јануар 1893 година, кои требало да се одржат во март истата година за него значело ново политичко ангажирање. Шабачкиот комитет на Напредната партија[100] го кандидирала на својата листа за пратеник во идното собрание, а тоа истото го сториле и во белградскиот дел на Напредната партија. На изборите кои се одржале во март, Новаковиќ бил победник и на двете листи. За собранието биле избрани четири пратеници од Напредната партија[101], но при верификацијата на мандатите не бил утврден точниот број на пратеници, од каде донело до збрка од каде потоа одборот за потврдување на мандатите сакале да ги поништат некои места каде победиле радикалите, така и изборот на Новаковиќ во Подринско. При тоа радикалите го напуштиле Собранието, потоа

[100]Живановић, Живоје, Политичка историја на Србија, Геце Кона, Београд, 1924. Стојан Новаковиќ бил духовен поглавар на напредната партија.363.

[101] Јовановић, Слободан, Влада Милана..., Напредната партија била оформена во јануари 1881 година околу група на млади конзервативци, собрани оклоу весникот “Видело”. Главните луѓе на партијата биле Милан Пирочанец (прв претседател до 1886), Милутин Гарашанин до 1898, и Стојан Новаковиќ после обновувањето 1906.208.

и партијата на Новаковиќ[102], со што на редовното Собрание присуствувале само либералите. Ситуацијата во собранието без опозиција, само со партијата од власт и со двата кралски намесници и без можност третиот намесник да се избере правилно, довела до затегната и безизлезна ситуација. Престоела опасна состојба во земјата, но тоа го искористил кралот Александар, кој извел државен удар, го распуштил собранието и прогласил дека водството на државата го превзема во свои раце. Новаковиќ бил убеден дека позади овој удар стои Кралот Милан[103] и бил сигурен дека ќе се врати повторно во земјата за да ја земе власта во свои раце, со што би допридонело за уште поголема неизвесност во Србија. Се што се случило потоа го потврдило неговото мислење, Новаковиќ тоа и ќе го запише во неговите мемоари дека токму синот Александар[104] тоа му го открил при првата негова ауденција[105].

Целата игра е исценирана под името на кралот Александар, како дело на негова лична иницијатива. Правиот раководител кралот Милан стоел во позадина и го оставил неговиот син понатаму да ја води играта со радикалите[106].

Новаковиќ не изгледал многу незадоволен поради самите состојби кои што се одвивале во Србија, тој самиот имал мислење дека токму за Србија е потребна некоја цврста рака за да ја поведе кон подобро. Но покрај неговите очекување ниту економската ниту политичката ситуација во Србија не се

---

[102] Ibidem. Напредната партија во суштина немала вистински водач кај нив на чело стоел еден квартет" Пироччанец, Гарашанин, Мијатовиќ, Новаковиќ. Ниту еден од нив четворица не бил лидер во права смисла, туку само кандидат за лидер.121.

[103] Новаковић, Стојан, Радови мемоарског..., 247. Во делото стои: Од Париз и ми се чини од Абација кралот Милан склопил план, во добар момент, со употреба на верни команданти, аѓутанти од дворот, со гардата и војската изврши исфрлање на намесниците и прогласување на кралот Александар за владетел кој државната управа ја зема во своја рака...

[104] Александар Обреновиќ син на Милан, крал на Србија од 1889 до 1903. Роден 1876 убиен во атентат 1903 година.

[105] Новаковић, Стојан, Двадесет година уставне политике у Србије, Завод за уџбенике, Београд, 2007., 76.

[106] The New York Times, Servia's Government Changed by a Stroke of the pen.22 may,1894.

подобрила. На изборите за ново собрание, одржани после државниот удар, апсолутното мнозинство го добиле радикалите. Меѓу десетте пратеници на напредните бил и Новаковиќ. Владата на чело со Лазар Докиќ не направила ништо ново и подобро, посебно се одвојувала економската ситуација која била доста лоша[107]. Ниту собранието свикано во декември 1893 година не ветувала нешто ново. Сето тоа водело кон понатамошна нестабилност на државата и следело промена на влада па повторно нов државен удар во мај 1894 година со укинување на Уставот од 1888 година и враќање на стариот Устав од 1869 година. Барањето на Новаковиќ за делба на преставничките тела произлегле од неговите погледи кои биле уште од 1883 година кога заедно со Милутин Гарашанин, му ги предале на кралот Милан нацрт уставот предложен од Напредната партија, устав кој ја содржел идејата за дводомен систем. Треба да се забележи и дека лозата на Обреновиќи во чие време Новаковиќ делувал политички, имале одбивни погледи за воспоставување на горен дом. Така и самиот Новаковиќ приметил дека кралот Милан бил против Сенат измеѓу и останатото поради тоа што на времето Обреновиќ ја изгубил својата власт кога бил формиран Советот[108].

Во јули 1895 година Новаковиќ ќе влезе повторно во политиката на Србија овој пат како претседател на Влада и министер за надворешни работи. Тоа се случило по барање на кралот Александар, кој сакал Новаковиќ да заврши повеќе работи во еконономскиот сегмент, да донесе стабилизирање на внатрешната политичка состојба и да ги прошири и зацврсти надворешните позиции на земјата.

---

[107] Petrovicth, Woislav, Serbia her people history and aspirations, George G. Harrap & Company, London, 1915.150.
[108] Новаковић, Стојан, Двадесет година уставне политике у Србије...15

Тој како претседател на владата му предлагал на кралот Александар на носење на Устав на дводомна основа[109], по примерот на белгискиот или романскиот устав[110] кој тој ги сметал како успешни устави[111].

Новаковиќ бил противник на двата устава и од 1869 година и од 1888 година. На првиот му било пројдено времето, а вториот бил составен во радикален дух. Нацртот на Новаковиќ за новиот устав содржел умерен конзерватизам, формирање на сенат како горен дом, обезбедување на лични слободи и централизирана власт[112]. Изработката на самиот устав Новаковиќ ја сватил доста сериозно. Покрај секојдневните работи во владата, Новаковиќ постојано споредувал и вршел анализи на современите европски и балкански устави од збирката на францускиот правник Дарестеа. Резултатот од овие проучувања ги доставил на кралот во облик на студии од каде го упатил и до тајните на уставот. Нацртот на Новаковиќ бил разгледан во април 1896 година на состаноците на уставниот совет под лично председателство на кралот Александар. Секоја вечер Новаковиќ самостојно учествувал во составувањето извештаји на извршените дискусии, внесувал забелешки и ги дополнувал текстовите во уставниот нацрт, но од сето тоа не испаднало ништо. Внесен во работата околу уставот Новаковиќ не забележал на конбинациите и игрите кои се плетеле во политичките кругови околу него. Имал доверба во својот крал а тоа му се вратило негативно по него самиот. Тој станал жртва на кралот Александар, кој во меѓувреме политиката ја променил во правец на радикалите.

Првите неколку месеци од неговата работа како премиер биле сконцентрирани и насочени кон подобрување на

[109] Ibidem., 21.
[110] Ibid., 167-8.
[111] Новаковић, Стојан, Радовиви мемо .......
[112] Продановић, Јаша, Уставни развитак и Уставне борбе во Србији, Геца Кона, Београд, 1932..104

финансиската состојба на државата и борбата против криминалот, додека неговата прва започната седница како премиер била отварање на прашањето за промена и носење на нов устав во Собранието[113].

Новата влада на Новаковиќ од 25 јуни 1985 година била целосно во состав од неговата партија, како Претседател на влада и министер за надворешни работи тој лично застанал на двете функции, единствено од претходната влада на Ристиќ бил задржан само министерот за финансии Стеван Поповиќ. И ако Новаковиќ бил еден од најсилните луѓе од Напредната партија, сепак нивни лидер во тој момент бил Милутин Гарашанин, кој во време на формирањето на Напредната влада се наоѓал на амбасадорското место во Франција[114].

Програмскиот документ кој бил основа на политиката на владата на Новаковиќ, бил оној истиот кој тој самиот го поставил пред кралот, програмски план кој бил и прифатен[115].

Се работело за „Мемоар за план со кој да се поведат работите на земјата”[116], програмски документ во кои биле изложени задачите на неговата идна политика".

Значајно место во тој програм на Новаковиќ била надворешната политика. Токму во тој дел од програмот се забележува резултатот од неговите искуства кои ги стекнал во Цариград а со самото тоа и на неговото сопствено искуство и разбирање кое го имал за движењата што се случувало на надворешен план во тој момент во Европа. Најголема промена во надворешната политика се случила во односите со Австро-Унгарија. Новаковиќ се залагал за добри односи со сите големи сили, нагласувајќи дека

---

[113] Ibidem.288.

[114]Живановић, Живоје, Политичка историја..... На 25 јуни Гарашанин бил избран за претседател на Собранието. Така што целосно ја завзеле власта Напредната партија.302.

[115] Ibidem. Во формалниот програм Новаковиќ ги истакнал двете важни точки, Кралот Милан да живее надвор од Србија и да се пристапи кон Уставни реформи.

[116] Ibide.

Србија не можела повеќе да се потпира на било кој повеќе, со што би требало да се раскине дотогашната врзаност со Австро-Унгарија која се базирала пред се на Тајната конвенција од 1881 година[117]. Својот став спрема тајната конвенција[118] Новаковиќ ја оценил со тоа што на Србија таа конвенција и донела само изолираност. Така за него тоа значело само едно а тоа било барање на нови сојузници во некои други сили. Новаковиќ ја имал пред се во вид Русија и нејзината подршка, со што не би се задржале и би се прекинале дотогашните односи со Австро-Унгарија. Во надворешната политика на Србија, Новаковиќ важно место и давал на улогата на Србија на Балканот. Нагласувал дека Србија требало да се врати во правец на политиката што ја имал кнезот Михаило. Тоа значело враќање кон економски и политички договор со останатите држави од Балканот. Исто така Србија требало да преземе широка активност која не би била само базирана спрема југ, туку и кон враќање на националната политика кон Босна, која после завршувањето на големата источна криза од 1878 година била запоставена[119]. Еден од правците кои тогаш ги преземал Новаковиќ, а кои ги ставил и во програмата на својата влада, била по секоја цена со сите средства да се работи на српската црквена и училишна ситуација во Македонија. Тоа негово залагање за европскиот дел од Турција го направило Новаковиќ да стане и духовен татко на

---

[117] Mijatovich, Chedomille, The memoirs of a Balkan Diplomatist, Cassel and company Ltd. London, 1917. Првата точка од тајната конвенција во однос на Македонија, предвидувала целосна подршка и признавање на Австро –Унгарија на правото за анектирање на Србија на Косово и Македонија (со исклучок на Солун).

[118] Јовановић, Слободан, Влада Милана ........., **Тајната конвенција** е документ потпишан 16/28 јуни 1881. година међу кнежеството Србија и Австро-Унгарската монархија. Со одредбите од овој договор одредено е Србија нема да може да заклучува било какви договори со други земји без претходно одобрение од Австро-Унгарија како и тоа дека ќе мора да одржува пријателска политика спрема Монархијата. Непосредно пред потпишувањето на Конвенцијата, Заклучен е и Трговски договор со кој Србија можела да ја извозува својата стока само во Австро-Унгарија, со што стопанството го подредила под палка на Монархијата.

[119] Ibidem. Била запоставена поради проавстрискиот став на кнезот Милан, кој сметал дека со помош на Австрија треба да ја земат Македонија, за Австрија било подобро Македонија да стане српска отколку Бугарска, бидејќи Србија била во Австриски раце а Бугарија во сферата на Русија. 62.

српската национална акција. Новаковиќ за кратко време успеал да ги реши дел од задачите додека таа влада траела.

Иако имал русофилска политика во надворешната политика, сепак не сакал целосно да ги заостри односите со Австрија, од самиот почеток нивниот меѓусебен државен однос бил отворен процес на длабок економски и политички развој и трговија. Тешкотиите кои ги имала наследено од претходната влада во поглед со пласманот на стоки на австроунгарскиот пазар, заради ограничувањата кои доаѓале од таму, нанесувале големи штети на српското стопанство. Новаковиќ се обидувал да го пробие тој пазар и да успее Србија да ги пласира производите во други земји со тоа државата би се ослободила од австроунгарскиот притисок. Целата таа ситуација била последица од водењето на специфична политика на Австро-Унгарија кон Србија со помош на постојано вршење на притисок со условување и ограничување на српскиот увоз а всушност преку тоа делувала врз владата во Белград и политички и економски.

Со формирањето на сопствена влада и добивањето одврзани раце за водење на надворешната политика, Новаковиќ мислел освен со Русија да ги обнови врските и со Франција. Тоа било прв пат после долго време една ваква надворешна орентација да се најде во официјалната политика на една српска влада. Како што верувал тој самиот но и неговата влада, Франција ја гледале во главна улога во тој момент од кој можеле да очекуваат економска и дипломатска подршка за Србија.

Подршката на Франција спрема Србија требала да ја опфаќа првенствено економскиот дел, односно нејзиното отварање спрема извозната трговија со Србија. Србија многу трпела, забраната на Австро-Унгарија за извоз на српски производи, им вршела најголем притисок на Србија со што и било и едно од најважните прашања за решавање за неа. Второ важно прашање

биле финансиите. Иако владата на Новаковиќ го донела Карлсбадскиот аранжман и Србија добила дозвола да емитува обврзници, сепак се покажале како тешко остварливи за нивен пласман во Париз. Париската берза била една од најважните пазари во тој момент која можела да одигра главна улога во поправањето на српските финансии.

Напорите на Србија да воспостави трговски врски со Франција останале без поголем успех. Првиот контигент на српска стока стигнале во Франција но не нашле на содветен пласман на тамошниот пазар. Но и самиот транспорт бил скап, а не биле дадени никакви финасиски олеснувања. Слично било и со финансиските операции. Владата на Новаковиќ не можела да се избори за плаќање на долгот од 1895 година. Тоа не успеало ниту наредната влада да го направи. Изгледало дека некои париски банкари правеле пречки но тоа не било точно. На економските прашања во Франција се гледало исклучиво од политичка призма. Новаковиќ ќе се обиде со помош на Франција да ја направи и железницата во Србија, односно ќе биде направен проект за изградба на Тимочката железница, која би требало да се движи од Кладово до Ниш со што би се отворила подоцна можноста за создавање на јадранска железница. Било во прашање единствено изградбата на линијата до Ниш, после би можело да се продолжи преку турска територија до Јадранското море, односно трасата би проаѓала низ градовите Призрен, Скадар и Сан Џовани ди Медуа. Но при првото ангажирање покасно во 1898 во Цариград проектот бил одбиен од страна на Турција. Иако повторно во 1901 година Србија ќе се обиде со проектот за излегување на море овој пат преку Црна Гора, сепак проектот за јадранска железница, не доживеела успех, со тоа биле прекинати сите активности на српската влада на проектот за излегување на

српската железница на море[120]. Ова ангажирање на францускиот капитал во Србија во вид на различни заеми нема да престане туку постепено ќе се зголеми. Така за време на владата на Новаковиќ по негово инсистирање и залагање ќе се потпише и Карлсбадскиот аранжман во 1895 година. Тој аранжман ќе ја доведе Србија до финансиска контрола, со два контролори преставници од странските банки, Новаковиќ бил длабоко убеден дека овој аранжман бил единствениот начин да ја санира тогашната финансиска криза во Србија. Ќе се покаже неговата одлука покасно како исправна бидејќи ќе настапи финасиска стабилизација во Србија со влез на француски капитал кој во Србија учествувал веќе по 1908 година со 71 проценти од вкупниот државен долг на Србија, во однос на 31 процент германско-австриски капитал[121]. Иако овие француски вложувања биле од приватни компании, сепак зад нив стоела одлуката на француската влада за влез во Србија. Така оваа ориентација на Србија кон францускиот капитал, започната од партијата на напредните и на чело со Новаковиќ, на крајот од векот ќе послужи и како средство за зацврстување на француско-руската Антанта. Освен во кредити, францускиот капитал во времето на Новаковиќ ќе навлезе во Србија и во уште една важна област во државниот живот на Србија, а тоа било прашањето на наоружувањето на српската војска. Кралот Милан и владата на Напредните, сакале наоружувањето на српската војска да се врши непрекинато и затоа се одлучиле наместо германската фирма за оружје Круп, со оружје да се снабдуваат од француската фирма De Bange. Оваа прва набавка на оружје од

[120] Војводић, Михаило, Путеви српске дипломатије, Clio, Београд. 1999. 158. „Во делото стои: И во 1901 година ќе се водат преговори за проектот јадранска железница, но и тие ќе се покажат како неуспешни.

[121] Протиќ, Стојан, Одломци из уставне и народне борбе у Србији, Доситеј Обрадовић, Београд, 1912. Според Протиќ дури во 1911 година извозот и увозот на Србија кон Австрија ќе падне на 41% во однос на 1888 година кога тој изнесувал 67%.

Франција ќе отвори пат и за образување и на српски офицери во Франција. Со ваквото поврзување на Србија со француски капитал, започнато од времето на Новаковиќ и неговите сопартијци, било овозможено создавање на едно друго движење на Србија во однос на надворешните односи во Европски рамки.

Сепак српско-француските односи, од признавањето на независноста на Србија па се до Првата светска војна, на терен не само што не биле целосно поставени помеѓу нив туку биле и слабо развиени. Франција долго време не сакала активно да се вклучи на Балканот, препуштајки и го првенството на Русија[122]. На барањата на Србија, Франција да се вклучи во надворешната и материјалната подршка, во Париз секогаш одговарале дека требало првин да се добие согласност од Русија. Франција тогаш била само заентересирана за пласирање на својот капитал во Србија по поволни услови и воедно да им обезбеди заштита на своите француски банки во Србија[123].

Влошувањето на односите помеѓу Австро-Унгарија и Србија, продолжила уште повеќе во 1896 година а се манифестирало преку милениумската свеченост одржана во Будимпешта. Новаковиќ одбил Србија да земе учество во прославата на Унгарија по повод на илјадагодишното постоење на таа држава.

Со таков став била и српската јавност, реагирајќи со митинзи. Економската војна и 1000 годишната прослава довеле до сериозно влошување на политичките односи помеѓу двете држави. Жалбите од Виена и Будимпешта биле упатени директно кон владата на Новаковиќ и било јасно дека за се е крива владата и се поголемиот нејзин проруски став и со нејзиниот план со

[122] Ibidem. 229.

[123] Dalrimle, R. George. Lafan. Oxford, The Guardians of ... ,82. После така наречената "војна на свинјите", односно две годишно Царинско ембарго на Австро-унгарија врз Србија, ќе започне целосна набавка на француско оружје и превземање на француските компании врз работата на железницата.

главна тенденција на Србија како држава да и донесе што поголема самостојна улога на Балканот. Таквата политика во Русија оставило голем впечаток, иако тие ја сметале Србија како земја под директно влијание на Австроунгарија, оваа политика на Србија им овозможило да започнат поблиски руско-српски односи. Но Русија најпрвин сакала времето да покаже дали е тоа официјален нов правец на Србија во надворешната политика или само дело на Новаковиќ за притисок врз Австрија, плус Русија поради ситуацијата која веќе ја имала на далечниот исток со Јапонија гледала врз Србија со различна призма. Политиката на Русија кон азискиот и европскиот дел на Турција и налагала внимателна политика бидејќи не можела никако да си дозволи отварање на две жаришта или два фронта.

Стојан Новаковиќ најпрвин сакал да ги убеди руските политички кругови дека неговата партија, која со години била проавстриска, сака да воспостави нови пријателски односи со Русија. Потоа настојувал да ја објасни тешката финансиска криза која ја имало зафатено Србија, со што со новиот курс во надворешната политика требало да ги реши и економските и политичките состојби во државата. Иако преставниците на руската влада, изразувале само симпатија, поради овие дејства на Новаковиќ, сепак тие не сакале нешто повеќе да се ангажираат со Србија. Додека пак Новаковиќ постоел оптимизам дека сепак ќе дојде до подобрување на нивните меѓусебни односи. Верувал дека тоа ќе се случи постепено, кога ќе ја забележат Русите веќе започнатата нова промена и правец на движење на Србија во надворешната политика. Незадоволството на Русија со години било поради врзаноста на Србија со Австро-Унгарија, но и неисполнувањето на финансиските обврски на Србија кон Русија. Во прашање биле неисплатени долгови на Србија кон Русија, дадени претходно од руската влада, која

инаку знаела често да им дава финансиска помош на Србија од политики причини.

Сепак промената на политиката на Србија кон Русија ја зголемила и потребата на приближување на Србија кон останатите балкански држави, во прв ред на Бугарија. Со оглед на русофилската политика која се зајакнувала во тој момент во Бугарија но и во Црна Гора било јасно дека имало можности за воспоставување на поблиски балкански односи. И Русија била заинтересирана за некој вид на балкански сојуз кој би имал одбранбена функција за Русија од Австро-Унгарија. На Новаковиќ таа идеја му била блиска и без оглед на рускиот фактор кој бил очигледен во неа. Новаковиќ не криел и дека е расположен да се утврдат и сферите на интерес помеѓу Србија и Бугарија во однос на Македонија но за такво нешто немал конкретен одговор од бугарска страна. Со непосредна заслуга на Новаковиќ во 1895 година а уште повеќе во 1896 година дошло до значајно поместување на односите помеѓу Србија, Бугарија и Црна Гора. Со Бугарија на крајот на 1895 година, биле отпочнати преговорите за склучување на трговски договор, додека во 1896 година веќе имало и реализирано повеќе меѓусебни посети. Во мај 1896 година и бугарскиот крал ФернинандI[124] имал посета на Белград, каде веќе се видело дека Србите и Бугарите можно е да најдат заедничка поблиска политика но тоа било се што во тој момент заклучиле[125].

Со Црна Гора Новаковиќ воспоставил подобри односи и течеле во добра атмосфера, тој успеал да ги пресече сите акции во однос на црногорската династија кои се обиделе некои од црногорската емиграција да ги направат со помош на

---

[124] Фернинад I Сакскобурски владеел од 7 јули 1887 до 3 октомври 1918, како Цар на Бугарија од 1908 до 1918 година.

[125] Vucinich, Wayne, Serbia betwenn East ...Вучиниќ смета дека посетата на Фернинанд на Белград била реализирана под руско посредство.28.

белградските весници. Уште од почетокот на 1896 година биле веќе забележани знаците на куртоазија помеѓу Србија и Црна Гора. Новаковиќ ќе добие и орден од прв ред на св. Данило од кнезот Никола. Тоа одликување било веројатно поради заклучувањето на трговската конвенција помеѓу Србија и Црна Гора. Со тој акт инаку биле регулирани скромните трговски односи помеѓу двете држави.

Од тоа произлегло и официјална посета на црногорскиот крал врз Србија, за време на празникот Видовден[126]. Цели три дена траела посетата на кнезот Никола на Белград. Во разговорите кои биле водени пред се помеѓу Кнезот Никола и Кралот Александар но и на нивните министри Новаковиќ и Гавро Вуковиќ бил постигнат и усмен договор кој пред се обезбедувал помош на Србија од страна на Црна Гора. Било предвидено заеднички да настапуваат пред секој непријател и Црна Гора да и помага на Србија при нејзината евентуална акција кон Македонија. Меѓутоа ниедна од странките не го обврзувала договорот, тој бил само општо прифатен од нивна страна. Истата година Гавро Вуковиќ по налог на кнезот Никола, бил пратен и во Софија и во Белград, со обврска да изврши обид за создавање на балкански договор во кој главната цел би била поделба на европскиот дел на Турција. Во Белград Вуковиќ во разговорот со Новаковиќ го изнел како предлог при поделбата на територијата на европскиот дел од Турска, Србија да го добие Скопје и што поголем дел на Македонија а Црна Гора да го добие Призрен, додека Санџак би го поделиле меѓусебно. Идејата за таква поделба не била прифатена од страна на Србија посебно од кралот Александар кој мислел дека Призрен спаѓа во српските територии. Сепак оваа мисија иако не донела резултати, сепак ја

[126] Живановиѓ, Живоје, Политичка историја ......., Кнезот Никола ќе направи при посетата еден личен гест, односно лично ќе го посети домот на Стојан Новаковиќ и Јован Ристиќ. 1924.

трасирала патеката за нивни идни понатамошни меѓусебни договори.

Стојан Новаковиќ верувал дека со идна силна соработка со Црна Гора може да се донесе важни поени за неговата национална политика. Српската влада на чело со Новаковиќ мислела и дека со помош на Црна Гора заеднички полесно ќе можат да и се спротистават на Бугарија. Додека пак Црна Гора во тоа време сакала да стане рамноправна со останатите балкански држави при евентуалното делење на турската територија[127].

Стојан Новаковиќ остварувањето на главните национални задачи на својата влада ги гледал во Стара Србија и Македонија. Со тоа му се чинело неопходно да се прекине офанзивната бугарска политика, која тогаш била многу смислена и разновидна по својот облик и која со различити пропаганди, но и со создавање на комитети се обидувала во нејзина полза да го реши македонското прашање[128]. Новаковиќ мислел дека треба да се избегне директното мешање во македонските работи поради големите сили, но затоа сакал да и дава конкретни одговори и задачи на својата влада за спроведувањето на својата политика кон Бугарија. Во втората половина на 1895 година на акциите на Бугарија во Македонија, Новаковиќ одговорил со обид за спречување на доделување нови берати за Бугарите помеѓу преставниците на големите сили и тргнал со акција во самиот Цариград, со барање на српски места за нови владици. На прво место работел за добивање на место во Призрен, на испразнетата столица која ја држел грчкиот митрополит Мелентиј кој во меѓувреме починал. Настојувал во оваа акција да ја придобие и Портата и Султанот како би добил поволна одлука од Патријаршијата. Кога во 1896 година бил избран на тоа место

---

127 Михајло, Војводић, Путеви Срп.......
128 ДАРМ, м – 598, Београд, 3 Декември 1895, FO 95/1672.

Дионисиј Петровиќ тоа било една голема победа на српската политика. Тоа во исто време значело и голема победа на стрпливата и упорна политика на самиот Стојан Новаковиќ. Србија после ова уште повеќе ќе се засили со политиката кон Македонија, со спротиставување директно на бугарските аспирации. Стојан Новаковиќ меѓутоа останал приврзен со мирни средства да се решаваат ситуациите, почитувајќи ги желбите на големите сили за не нарушување на мирот и истовремено барал подршка од руската дипломатија чие влијание во Цариград во тоа време било големо.

Со оглед на тоа што по негово мислење Србија во тој период не била војнички спремна за било каква акција со цел да ги заштити српските интереси во европскиот дел на Турција. Ангажирањето на владата на Стојан Новаковиќ за модерно наоружување на српската војска со руско оружје била последната надворешна иницијатива превземена од него. Обид кој бил неуспешен бидејќи Русија не била расположена за во краток период да испрати толкаво количество на оружје[129].

Во Србија со изненадување била прифатена одлуката од руската влада, пушките да се испорачаат во рок од 4 до 5 години. Пушките биле барани со образложение дека се итно потребни на Србија. Во почеток дури мислеле дека е некаква грешка во прашање. Ваков предлог за Новаковиќ бил неприфатлив, пред се пушки под вакви услови можело да се набават и од други страни. Така не можело да се извршат подготовките на Србија за нејзино модерно наоружување кои толку и ги посакувал Новаковиќ и неговата влада, пред се поради ситуацијата во Турција но и поради зголемената активност на околните земји во врска по ова прашање.

---

[129] Curtis, William Eleroy, The Turk and his lost provinces, Fleming H. Revell company, London. 1903. 249.

Стојан Новаковиќ многу нешта ќе измени и во финансиските состојби на Србија во периодот на владеење на неговата влада. Така кога требало да ја преземе функцијата премиер од кралот Александар, тој му припремил и програма за уредување на финансиската состојба во Србија. Таа програма предвидувала нови закони за регулирање на кредитите, ревизија на приходите и нивното користење, враќање на долговите а доколку се успеело да се добие тогаш нов заем би се расчистила моментално лошата финансиска состојба во Србија. Од како кралот ја прегледал целата програма, добил дозвола од него за нејзина реализација. На првата вонредна седница во Собранието, на 25 јуни 1895 година веќе бил поднесен предлог за промена на конверзијата на државните долгови. Во понатамошниот текст било обработено како тој заем понатаму ќе се користи. По повод тој претрес на аранжман како што спомнавме претходно станува збор за Карсбадскиот договор, заем кој се повеќе почнал да врши притисок директно врз него од страна на опозицијата и печатените весници во Србија. Некои од партијата на Новаковиќ барале да се повлече со овие планови Новаковиќ, но тој бил лично убеден дека тој договор ќе ги залечил српските финансии[130]. Расправата за законот била водена 6 јули и лично учествувал на самата расправа и Стојан Новаковиќ во улога на претседател на влада со што на таа седница успеал неговиот предлог да биде прифатен како закон. Епилогот на ова средување на финансиската криза на Србија од страна на Новаковиќ можел да се согледа после неколку години покасно. Освен со овој закон Новаковиќ во тој период од неговото владеење се ангажирал и во донесување и на неколку други закони поврзани со економијата на Србија.

[130] Новаковић, Стојан, Двадесет година ....., 146-147.

Така по редослед биле донесени законите за :

*-Закон за градење и експлотација на Тимочката железница*

*-Закон за помош на кланичната индустрија*

*-Закон за акционерски друштва*

*-Закон за измена и дополнување на Законот за Банки*

*-Закон за измена и дополнување на Законот на непосредни даноци.*

Освен овие спомнати закони и неговото учество во остварувањето на финансиската и економската политика на својата влада во Србија во тоа време биле преземени од негова страна и некои други мали интервенции, со кои ги дополнувал или изменувал разните законски предлози или дискусии во Собранието. По вакква прикажана работна активност на Новаковиќ, за него може само да се каже дека бил носен со својата верба во науката и нејзините методи и дека бил сестрана личност способна да се снајде во секоја ситуација и пред секаков политички проблем.

Падот на владата на Стојан Новаковиќ била доста симптоматична, може да се каже недокажана сепак творецот на сите влади од 1893 година кралот Милан можел повторно да си ја исчисти сопствената одговорност од било каква ситуација, со помош на едноставно средство кое го имал во свои раце а тоа било можноста за смена на влада[131]. Според весникот „Видело" во бројот 147, било истакнато дека некои кругови од Виена и Белград сакале смена на владата на Стојан Новаковиќ[132]. Секако дека тука била причината и во надворешната политика на партијата на Новаковиќ па и на самиот тој со неговата влада станал проруски орентиран со што на Виена и сметало па сакала нивна смена со партијата на радикалите. Тука бил можеби и

---

[131] Живановић, Живоје, Политичка историја.....357.
[132] Ibidem. 359.

личниот бес на самиот крал Милан кон Новаковиќ, поради тоа што се осмелил во програмата да ја стави забраната за негов престој во Србија. Како и да е од овде настанала една лавина на Напредната партија, која завршила и со нивно официјално распуштање како партија[133]. Кога заминал Новаковиќ на последната ауденција кај кралот тој лично на малку остар начин му се обратил на кралот дека во иднина добро ќе се чува од неговите политичките игри[134].

Стојан Новаковиќ една година само после падот на својата влада, бил веќе повторно надвор од политиката, но не сосема бидејќи неговиот успех постојано излегувал на површината. Резултатите на неговата работа, посебно на националните задачи на Србија на балканскиот простор биле толку значајни со што други начини и методи освен неговите и не биле разгледувани од страна на државата. Тоа најдобро се гледало од политиката која ја водела новата влада 1896-1897 година на чело со Ѓорѓе Симиќ. Основата на која ја водел Симиќ својата национална политика и надворешниот правец на движење на земјата во ниту милиметер на биле изменети во однос на периодот кога ја водел Новаковиќ. Со што и во 1897 година кога била избрана новата влада на Владан Ѓорѓевиќ и Србија повторно се вратила на австро-унгарска орентација, националните задачи на земјата останале сепак исти. Носејќи го новиот програм на својата влада пред кралот Александар, едни од барањата на Ѓорѓевиќ било и останување на курсот на заштита на српските интереси во Турција и поголема дипломатска активност со што поголем меѓународен притисок. Во однос дека највеќе одговорност за таа

[133] Ibidem. Прогласот бил во весникот „Видело" во бројот 150. Соопштено било дека главните луѓе на Напредната партија на чело со Милутин Гарашанин на седница од 18 декември била донесена одлука за распуштање на Напредната партија, но воедно и на партискиот весник Видело.
[134] Ibidem. Цит. Новаковиќ возбуден му кажал на Живковиќ : Дворот со нас господине, прави од нас само комедија, а ние веќе не го даваме повеќе. 362.

работа носел амбасадорот во Цариград, по изборот на Ѓорѓевиќ[135] за тоа место бил само Новаковиќ. Ѓорѓевиќ тоа го тврдел и пред самиот крал Александар :

„ Во Србија нема државник кој тие прашања за Стара Србија и Македонија подобро ги знае,"[136] од самиот Новаковиќ. За тоа определување на Ѓорѓевиќ од големо значење било и тоа што Новаковиќ не само што би се вратил на старото место на Босфор како амбасадор, туку би се вратил со поголем авторитет од порано како бивш шеф на влада и веќе со напуштен курс кон Австро-Унгарија а веќе со нов сојузник Русија, со тамошниот руски преставник Новаковиќ би можел уште повеќе да искористи и да лобира за српската надворешна политика.

Стојан Новаковиќ не прифатил лесно повторно да се вклучи во дипломатијата. Не заборавил што му направил кралот Александар во декември 1896 година, кога му ја растурил неговата влада, иако му имал ветено дека ќе му ја подржи неговата долгогодишна програма. Не се согласувал ниту со дел од програмата на Ѓорѓевиќ, која имала австро-унгарска ориентација[137]. Сепак на крај попуштил и ја прифатил новата работа, знаејќи дека тоа му е можност да го продолжи неговото дело од порано, исто и добил одврзани раце да продолжи со своите испробани методи да се служи во борбата за Стара Србија и Македонија .

---

[135] Ѓорѓевиќ, Владан, лекар и политичар. Роден 1844 година во Белград, завршил медицина во Виена и бил личен доктор на семејството Обреновиќ. Бил и министер за надворешни работи и амбасадор во Цариград и Атина..

[136] Ђорђевић, Владан, Крај једне династије, I, Геца Кона, Београд 1905, 120.

[137] Јовановић, Слободан, Влада Александра.....весникот Поглед уште од првиот ден ја напаѓал владата на Ѓорѓевиќ. Новаковиќ и Ѓорѓевиќ уште од младоста биле пријатели, но Новаковиќ не ја одобрувал политиката на Милан на која Ѓорѓевиќ и служел. Во дворот се дознало дека Новаковиќ ќе биде голема пречка за создавање на напредно-либерална коалиција која требало да го следи режимот. За да го тргнат од земјата на Новаковиќ му понудиле амбасадорско место во Цариград, која ја прифатил.6.

Новаковиќ во периодот пред 1903 година и после нејзе ќе успее да биде вклучен и активно да учествува и во двете српски династии и на Обреновиќ и на Караѓорѓевиќ.

Во 1903 година ќе смени династијата на Обреновиќ токму кога е на чело на нејзе Александар Обреновиќ. Десетгодишното владеење на Александар ќе биде запаметено по честите смени на влади со што допринесувал за нестабилност во внатрешната и надворешната политика на државата. Освен за време на Новаковиќ кога бил на чело на владата кој како што видовме од предходно успешно ја трасирал надворешната политика на Србија од 1895-1896 година, потоа ја продолжил Симиќ до 1897 година па по него ја продолжил Д-р Владан Ѓорѓевиќ до 1900 година. Како негов успех ако може да се каже, Александар го имал во некои полиња на надворешната политика, војската и финансиите[138]. Во надворешната политика најголем успех бил тој токму во Македонија каде била направена српска училишна и црквена мрежа и биле спречени Бугарија и Грција до некој граници во ширење на нивната пропагандена структура. Самата смена на династијата на Обреновиќ ќе биде запамтена по начинот на кој бил извршен атентатот, кој бил доста брутален бидејќи кога ноќта на 10 јуни, Александар и неговата сопруга Драга Машин биле во нивниот дворец ќе атентаторите ќе навлезат во него и ќе бидат и убиени од страна на група на офицери на чело со Драгутин Драгутиновиќ-Апис[139].

Како главна причина за неговата ликвидација се смета неговата женидба со Драга Машин која била и разведена и не можела да му донесе наследник на Александар. Офицерската

---

[138] Јовановић, Слободан, Влада Александра ...359.
[139] Драгутин Димитријевиќ-Апис (август 17.1877 – јуни 27. 1917) бил полковник во војската на Србија, основач на организацијата Црна рака, го смислил и организирал офицерскиот пуч, но не била негова идејата за убиство на кралската фамилија Обреновиќ.

завера која го чинела глава била исто толку насочена кон неговата жена колку и спрема него[140].

По само осум дена од смртта на Александар ќе биде повикан Петар Караѓорѓевиќ од Швајцарија за да го наследи тронот. Тоа ќе се случи официјално на 15 јули 1903 година кога ќе биде прогласен за крал на Србија. Пред цели 45 години бил протеран од Србија а повторно се вратил на престолот веќе на 60 годишна возраст да го прифати тронот[141]. Бидејќи Петар живееел во Франција и се борел за Франција во Француско-Пруската војна ќе донесе и Француско големо влијание во Србија.

Животот на старата Напредна партија иако формално веќе била распуштена 1897 година, сепак нејзините лидери продолжиле да учествуваат во политичкиот живот на Србија а со тоа и да ги следат нивните симпатизери. Главните успеси Напредната партија ги постигнала во тоа што за време на нејзиното владеење успеала да ја започне градбата на железницата, прогласувањето на Кралството, донесувањето на задолжителниот закон за основно образование, судската независност, постојана војска и Народна банка. Со модернизацијата на Србија напредните имале поголем успех отколку со намерата за спречувањето на владеачкиот деспотизам[142]. Во својата работа напредните покажувале голема интелигенција, но највеќе од се им недостигало политичка силина. Тие од почеток личеле повеќе на група на интелектуалци од колку на политичка партија. На 30 јануари 1906 година, партијата повторно официјално била формирана со нова политичка платформа, но сепак таа продолжила со старата политичка подршка на конзервативниот устав и политички либеризам. Како и останатите политички партии во Србија во тоа

[140] Ibidem,362.
[141] Dalrimle, R. George. Lafan. The Guardian ..., 97.
[142] Јовановић, Слободан, Влада Милана...,340.

време и Напредната партија се борела за економски и социјален напредок во сопствената земја. Додека планот за Српската надворешната политика им се засновала на идејата, со легална и мирна надворешна политика издвојување на српските национални права. Тие исто така се декларирале себе си како подржувачи на принципот и паролата "Балканот за Балканските народи". Како официјален лидер повторно бил избран Стојан Новаковиќ, но поради неговите години партијата ја воделе браќата Павле и Воислав Маринковиќ.

Анексијата на Босна и Херцеговина, која во есента 1908 година предизвикала меѓународна криза и носела опасност од нови судури на Балканот, сепак со младотурската реформа се прекинала и тргнала опасноста веќе во друг правец. Произлегувањето од анексионата криза, како што верувале во Србија, тогаш било најголемо искушение за српската надворешна политика, приоритетна национална задача и важел за прв интерес на целиот српски народ.

На прогласот за анексија на Босна и Херцеговина, во октомври 1908 година, Стојан Новаковиќ прв и најсилно го дигнал гласот храбрејќи го народот да не се откажува. Во патриотските говори во Народното собрание тој ги потсетувал пратениците на славното минато што го имале Србите[143]. Тој исто така ги убедувал дека со помош на книгата и слогата народна можело да се дојде до решение од кризата. Но вистинската причина за овие настани тој ја гледал во самиот неправилен Берлински договор кој бил направен од антисловенски дипломати кој учествувале во неговото создавање каде била и направена казната врз српскиот народ, кој тогаш сакал само слобода и соединување. Затоа сметал дека тие требало да се вратат тогаш во времето на 1876 година и како тогаш да се обиделе повторно

[143] Новаковић, Стојан, Радови мемоарског .........451.

со помош на оружје да си ги бараат своите права пред големите сили. Тие ако не го изнеле Српското прашање пред очите на Европа за да ја видат грешката која била направена уште во 1878 Србија би останала и понатаму да живее изолирано политички и економски. Стравувајќи од Австро-Унгарија и од нејзините наредни чекори, Новаковиќ сметал дека итно требало да се најдат сојузници во соседите, на Балканот и сите да се соединат во еден балкански сојуз[144]. Се изјаснувал за таа идеја и пред тогашните главни личности и фактори во Србија дека земјата морало да се обиде со посилна дипломатија да си ги бара правата пред Европа.

На барање на министерот за надворешни работи Милан Миловановиќ, веднаш после прогласувањето на анексијата, Стојан Новаковиќ, заедно со Јован Цвијиќ, Љубомир Ковачевиќ и Љубомир Јовановиќ, прифатиле да направат еден план за конпезација, односно за евентуален територијален надомест на Србија ако дојде до меѓународна конференција.

Стојан Новаковиќ од крајот на октомври до почетокот на декември 1908 година бил во специјална мисија во Цариград со цел да се изврши притисок на Портата за издејствување согласност за подршка на Србија во нејзините барања за Босна од страна на Турција. Српската влада сметала дека српските интереси и турските интереси со прашањето за анексија се солидарни, па го пратиле Новаковиќ во Цариград, со цел да се направи заедничка акција на Србија и Турција[145]. Меѓутоа преговорите брзо завршиле бидејќи Австро-Унгарија брзо се договорила со Турција во врска со Босна и поради тоа не се одржала ниту меѓународна конференција.

---

[144] Ibidem...Гледајќи ги односите, а кој знае колку ќе траат ние мора со сите сили да работиме на Балканскиот сојуз. Балканскиот сојуз не може само да биде југословенскиот сојуз. Сите што живеат јужно од Сава и Дунав треба да се во заедница, вклучувајќи ја и Бугарија ако таа сака.

[145] Поповић, Димитрије, Борба за народна уједињење, 1908-1914, Геце Кона, Београд, 1936. 39-40.

Како личност, приврзаник на компромис и стабилност, кога меѓународните состојби станале неповолни за Србија, во 1909 година во очи на анексионата криза Новаковиќ бил избран за претседател на владата[146]. Во екот на војните закани на Австро-Унгарија врз Србија, која одбила да се согласи со анексијата на Босна, Новаковиќ составил влада за народен спас со цел да се спречат внатрешните конфликти помеѓу партиите, да се воспостави единство помеѓу нив и да се најде излез од кризата[147]. Веќе во својата програма која ја изложил пред парламентот и ја составил сосема во духот на своите опдределувања, тој објавил дека српскиот народ своето народно прашање, го става пред Европа и дека тоа е единствениот пат за излез од кризата. Додека владата испратила нота во март 1909 година до сите големи сили дека со мирољубивост на својата земја и со решение од големите сили дека ќе се согласи во врска со прашањето на Босна и Херцеговина[148]. Со тоа Србија, иако со тешко срце, а под притисок на големите сили, ја довела ситуацијата до излез од ќорсокак и ја спречила земјата од идната војна. Заедно со одговорноста на Новаковиќ за тој чекор одговорноста ја поделиле и сите политички партии во Србија[149].

Новаковиќ кон политиката настапил како историчар што за неговата кариера како политичар било добро. Историчарот на политичарот му дал ретроспектива на националното прашање и разбирање за историските предизвици. Меѓутоа, овој историски поглед во минатото го лишило политичарот на динамично прифаќање на промени во неговото време. Новаковиќ имал

[146] Petrovicth, Woislav, Serbia her people...84.

[147] Јовановић, Јован, Борба за народно уједињење, Геце Кона, 1903-1908, Београд 1938стр. 214 Београд 1938.

[148] Temperley, Harold, History of Serbia,... На 10 март Србија испратила циркуларно писмо до Силите дека Босанското прашање е Европско прашање.303.

[149] Ibidem, Јовановиќ овде смета дека националната влада на Новаковиќ успеала да ги затвори прашањата заедно со принцот Ѓорѓи. И после неколку дена српската влада примила од Англија текст на одговор на ултимативната нота на Австрија.

премногу знаење за да можел да биде фанатик, но политиката барала повеќе занесеност отколку знаење. Политичката филозофија на Новаковиќ се развила под влијание на европската модернизација и домашниот традиционизам, на кој биле изложени интелектуалците на неговата генерација. Продорот на Европа и модерните движења предизвикале тогаш отпор кај старите друштвени разбирања. Конфликтот предизвикал страв од нови работи и мислење при нивното прифаќање. Новаковиќ верувал во предноста на уставноста, законитоста и демократијата, но се плашел од нискиот степен на образованост и политичко неискуство на неговите сонародници како сам предуслов за нивна примена.

Демократијата значела владеење со мнозинството. Во неговата земја мнозинството го чинело сиромашните радикални народни друштва додека тој пак никогаш немал високо мислење за српските политички партии. Во книгата дваесет годишната борба за уставност во Србија, која добар дел била негова лично исповедување, Новаковиќ се пресметал со самите политичките партии тужејќи ги дека не се создале врз база на статусите и дека повеќе личеле на дружини а само со нивното име одговарале со тогашната европска политичка терминологија за политичка партија.[150]

[150] Новаковић, Стојан, Двадесет година уставне ......324.

# Глава 4

## Стојан Новаковиќ како интелектуалец

Прв пат како министер за образование и црквени работи ќе биде назначен на 2 април 1873 година и ја вршел должноста до 22 октомври истата година. Вкупно ја извршувал дејноста министер 6 месеци и 20 дена. Вториот пат бил именуван за министер за образование и црквени работи на 25 ноември 1873 година а останал на позицијата министер до 19 август 1875 година, и на крај трет пат бил поставен за министер повторно за образование на 19 октомври 1880 година и ја вршел дејноста министер до 21 септември 1883 година. Значи ако земеме да изброиме колкав временски период во неговата работна кариера бил министер за образование, ќе испадне бројката од 5 години, 4 месеци и 16 дена. Министрувањето на Стојан Новаковиќ траело релативно кратко време. Затоа била потребна необична работливост здружена со голема промисленост, за да се направи нешто добро и да се одбележи како голем чекор напред кон просветлувањето на сопствениот народ. И навистина Стојан Новаковиќ бил необично верен на работата за што поголемо зголемување на образованието кај сопствениот народот[151].

Новаковиќ бил професор во гимназија, професор на Големата школа но и писател. Со тоа и неговата работа во двата правци била насочена за што повеќе да помогне во образованието. Тој не бил некој голем теоретичар во педагошка смисла тој секако останал забележан кон оние што самиот им предавал но сепак како министер за образование ќе остави многу

[151] Jelavich, Charles, ... 1992. Ако Србија сака поубава и сјајна иднина додаде Новаковиќ – тогаш мора да даде најголемо внимание на нашето образование.

повеќе забележителни закони и правила. Под министерството за образование потпаѓале освен црквите и: основните училишта, гимназиите, учителските школи, Богословијата, Народната библиотека, Големата школа, Музејот, Народниот театар и Државната печатница. Новаковиќ се интересирал скоро за сите овие институции и работел за сите нив колку можел. Тоа ќе го видиме од законите кои ги донел за нив во време дури ја вршел функцијата министер за образование.

Овде ќе преставиме неколку од Законите и Одредбите на Стојан Новаковиќ кои ги донел како министер за образование и црква[152].

*Основни училишта*

Закон за основни училишта, од 31 декември 1882.

Закон за учителски плати, од 31 март 1881.

Закон за приход за главниот училишен фонд, од 31 март 1881.

Закон дека од главнината на училишниот фонд може да се потрошат 600000 динари за поправка на школите кои биле изрушени за време на српско-турската војна од 1876 година, од 27 декември 1882.

*Гимназии*

Закон за регулирање на платите на професорите, од 28 февруари 1875.

Правила за полагање на професорски испит за гимназија, од 20 јануар 1881.

Измени и дополна на законот за правила на гимназиите, од 12 декември 1873.

Школски закон за учениците на гимназиите, од 5 јануар 1882.

[152] Новаковић, Стојан, Споменица.....98.

*Учителски Школи, Виша Женска Школа*

Нов наставен план за Вишата женска школа, од 14 август 1873.

Предлог закон за формирање петто оделение на Вишата Женска Школа, 1875.

Закон за ученици на учителската школа, од 15 јули 1882.

*Училишно надгледување*

Закон за надгледување на училиштата, од 21 март 1881.

*Богословија*

Измена на Законот за правила на Богословија, од 3 декември 1873.

Отварање на второ оделение на Богословија,1873.

*Голема Школа*

Измена на Законот за правила на Големата Школа, од 20 декември 1873.

Измена и дополнување на Законот за правила на Големата Школа, од 15 јануар 1880.

*Народната Библиотека и Музеј*

Закон за Народната библиотека и Музеј, од 19 март 1881.

*Државна Печатница*

Распоред на работите на официјалната Државна Печатница, од 19 мај 1883.

Се вкупно Новаковиќ како министер учествувал и донел 23 закони, законски измени и дополни, 14 училишни закони и правила, 7 наставни планови, неколку програми и распореди, 38

соопштениа, 18 наредби и законски проекти. Кога ќе видиме колку закони донел, се гледа дека тие се многу, особено што тој не работел релативно долго во министерството за образование и црква. По се изгледа Новаковиќ би ги опфатил сите школи со еден закон и би ја извел целосно реорганизацијата на сите училишта заедно, да биле други во тој период политичките услови во Србија. Во едно негово соопштение за отварање на основни училишта, Новаковиќ истакнал " Новиот закон за основни училишта ќе направи да се направат од ден во ден и од година на година се повеќе училишни згради и тоа ќе биде права среќа..." И навистина потоа по кратко време излегува и новиот закон за основни училишта на 31 декември 1882 година[153], закон познат и како (закон на Новаковиќ), законот бил внимателно подготвуван од страна на Новаковиќ подолг временски период и бил прифатен и ценет од страна на професорите, но и самиот тој бил задоволен од него. Главната задача на овој закон за основните училишта, бил во тоа што со помош на предавањето и воспитувањето да се шири по народот основното знаење и верата и да се подготвува ученикот за што подобар понатамошен граѓански живот.

Со него прв пат во Србија е промовирано општото задолжително основно образование. Со овој закон основните училишта биле поделени на два дела ниско и високо, односно ниско од 1-4 и високо од 5-6 одделение. Дополнително значење на законот му давало и новината поврзана со должностите и надлежностите на училишните одбори, но и училишните надзори. Но Новаковиќ не работел само на основните училишта, тој ги подигнал и средните училишта и тоа од шест на седум години настава, потоа донел и правила за полагање на професорски испити. На сето ова мора да се додаде и доприносот на

[153] Продановић, Јаша... 285.

Новаковиќ и во Високото школо(академија), неговиот дел тука е поврзан со измената на законот од 1873 година со кои се извршени промени во организацијата на наставата на сите факултети, а најмногу на Филозофскиот факултет, во кој се формирале три отсека(општ, историски-филолошки и природно-математички)[154]. Ова што го наведовме досега е доволно за да се разбере природата и карактерот на самиот Стојан Новаковиќ.

За многу краток период како министер, придонесот на Стојан Новаковиќ проследено со мали прекини, бил многу голем. Во тој период тој бил една од главните личности кои управувале со српските училишта во српската држава. Тој бил плоден како министер за образование и целата негова работа била насочена кон подобрување и напредување во образованието. Работата на науката и јазикот, се само еден дел од многубројните негови научни трудови.

Ќе започне да се занимава со историја на книжевноста порано отколку со српскиот јазик. Оваа струка најверојатно повеќе му одговарала на него, но и самата состојба во која се наоѓала таа кога тој почнал да ја работи уште повеќе допринела тој да се врзе за неа. Кога станал професор на Високата школа како прво се погрижил да ги унапреди токму овие дисциплини во Србија. Тоа било потполно во негов стил бидејќи неговиот карактер бил истраен, односно секој предмет или проблем што се нафаќал да го работи во животот тој го правел тоа потполно посветено. Прв пат како професор Новаковиќ ќе почуствува дека фали синтаксата во Српскиот јазик. Затоа во 1869 година без некоја оригиналност составил кратка Синтакса за втор клас на гимназија, со забелешка дека таа е направена по примерот на

[154] Kandić, Ljubica, Doprinos Stojana Novakovića Reformi Velike škole u drugoj polovini XIX veka, 1994. 636. Стојан Новаковиќ со законска регулатива ги укинал заедничките предмети и ги зголемил бројот на предмети со што допринел до поголема стручност на дипломираните студенти. Крајната цел на реформата на Големата школа на која работел Новаковиќ било создавање на модерен Универзитет по угледот на Европа.

неговиот професор Даниќ. Истата година, после првото издание направил и второ проширено издание. Во 1871 година ќе го издаде и третото издание потполно во негов стил со наслов Синтакса на српскиот јазик. Четвртото издание ќе го објави во 1874 година. Во последните две издания тој ќе го користи и целосно примени неговото стекнато знаење што го имал од европската наука и јазик. Потикнат од својот успех со последните изданија, тој во 1879 и 1880 година ги направил една по друга и учебниците Наука за гласовите, Наука за облиците и Наука за основите. Така со учебниците на Новаковиќ српските училишта во 1880 година конечно добиле граматика за Српскиот јазик[155], каде што до израз дошол големиот талент на Новаковиќ во науката и јазикот.

Тие негови дела по граматика и во педагошки и во научен аспект, ги надминале сите тогашни учебници по српски јазик. Како такви тие останале во употреба во школите во Србија и по полни две децении. Неговите две издания на Српска граматика првото од 1894 и второто од 1902 година, односно со претходните две веќе четири изданија содржеле делови од правопис и интерпункција, каде предходно освен во правописот на Вук Караџиќ, пред тоа во Србија воопшто не постоеле, па затоа и неговите книги ги задоволувале и посебните културни потреби во Србија. Односно неговата граматика придонела за подигање на културата во книжевниот јазик и одиграла значајна улога во српската културна средина, а како таква служела и во и во бугарскиот, српскиот и хрватскиот јазик. Новаковиќ не бил прав филолог тој не се движел или ретко се насочувал на откривање и утврдување на фактите, тој ги наоѓал кај други како

[155] Јовановић, Слободан, Влада Милана...77.Наставата на српскиот јазик се развива до последни граници. Се предава наука за гласовите, облиците дури и основните, потоа синтакса, старословенски јазик, историја на српската книжевност. Во оваа точка на наставниот програм највеќе се осеќа сепак влијанието на министерот за образование Новаковиќ, кој и сам бил филолог.

готови каде потоа и ги обработувал и изложувал. Во наредните неколку години ќе помине од местото гимназиски професор по српски јазик и книжевност, на местото библиотекар, па потоа повторно на местото министер, но на него сета таа хиерархиска промена лично не му сметала[156]. За него сето тоа било работа која била на исто ниво а подеднаква важна за развојот на српската наука.

Местото библиотекар во Народната библиотека Новаковиќ не ја добил случајно, ниту без претходни знаења за нејзината функција и важноста на книжевните фондови, кои детално ги прегледал и користел додека ги пишувал книгите "Историја на српската книжевност" и "Српска библиографија за новата книжевност". Со доаѓањето на местото библиотекар, Новаковиќ ја покажал својата решителност Библиотеката како институција да ја направи по стручните примери на западните библиотеки. За тоа во едно негово писмо испратено до Валтазар Богишиќ тој запишал: „Вчера е потпишан државен акт со кој станав библиотекар". Со тоа ве имам вас, како вештак за тоа прашање, и со една пријателска молба да ми дадете лекција каква најдобро знаете[157].

Една од првите работи кои ги направил Новаковиќ откако го прифатил местото билиотекар било - потполна застапеност на целокупната национална литература во фондовите, потоа регулирање на обавезен примерок, редовна набавка на нови книги, печатење на каталози за Библиотеката, зајакнување на стручниот кадар и регулирање на статусот библиотекар[158]. Во низата понатамошни мерки кои ги преземал тој во врска со

[156] Trotski, Leon, The war corresponden.., 85. Тој останал да важи за најчесниот министер помеѓу Српските министри, што би требало да се спомне бидејќи било реткост.
[157] Недељковић, Бранислав, Преписка Стојана Новаковића и Валтазара Богишића, Београд, САНУ, 1968, 31.
[158] Киќовић, Мираш, Историја Народне библиотеке у Београду, Београд 1960.

зајакнување на Народната библиотека биле - успеал во 1871 година да ја одели Библиотеката како посебна институција од Министерството за образование а во исто време да го реши и статусот на кадарот. Наредната година Новаковиќ тргнал на турнеја низ Европа посетувајќи ги сите библиотеки и музеји во тогашните поголеми европски градови.

Со стекнатото искуство и по примерот на европските библиотеки каде што ја запознал и ја проучил нивната работа и функционирање, тој како министер за образование во 1881 година, ќе го донесе и првиот закон за Народна библиотека како самостојна институција која ќе ја управува библиотекар. Додека со случајот на Музејот како чувар на државното богатство, ќе биде назначен професор по археологија од Големата школа.

Како министер за образование во различни влади Новаковиќ ќе биде и еден од организаторите на националната акција спрема соседните турски краеви. Го оформил второто оделение на Богословија 1873 година во кои пристигале ученици од Стара Србија, Босна и Херцеговина и Македонија за да се стекнат со образование за потоа самите тие да се вратат таму како подготвени учители[159].

Како театарски критичар Новаковиќ работел многу краток период, воглавно во 1862 година, како уредник на списанието Вила. Тоа било време на негова активна соработка со списанието Видовден, кога бил и еден од уредниците на културната рубрика во самото тоа а кога и во исто време му помагал и на својот професор Даниќ. Се знае дека тој до 1863 година работел на ситни предмети во редакцијата. На крајот на 1863 година не се согласувал повеќе со уредникот на Видовден и ја прекинал соработката со нив. Новаковиќ работел исто така и со театарска

[159] Грађа за историју македонског народа из Архиве Србије( прир. К. Џамбазовски), кн.1 Београд, 1983. док. бр. 304,305.

критика во време кога таа започнала да се афирмира и да се приближува до книжевната критика.

Составниот и во буквална смисла неодвоив дел на неговата разноврсна и во се исклучително плодна научна и интелектуална природа не застанувала тука тој бил присутен и во многу други области од научниот живот на Србија, но како прва во неговата дејност била историската наука.

Во своите научни работи Стојан Новаковиќ се покажува пред се како комплексна мисловна личност. Филолог по примарната универзитетска диплома, тој на лицејот стекнал солидно знаење и од правото, филозофијата и историјата. Така изградил во истражувањето еден посебен пристап на компаративно изучување, тргајќи пред се од добрата критичка анализа. При тоа предмет на негово изучување секогаш било, некое непознато или замрсено прашање, или некој проблем од широко интересирање. Мала била кај него веројатноста за земање во претрес на било каква материја од строго научен аспект со кој се повторувало кај веќе некое обработено дело, било да се работело за проучување на старосрпската историја, периодот на турското доминирање или пак од времето кога настанувала српската држава во 19 век.

Рано ќе започне да се афирмира во науката во својата 23 година бил избран за член на Српското учено друштво. Како член на движењето Соединета младина на Србија се истакнал и станал нејзин секретар во 1867 година, поради големата и успешна научна дејност бил избран за секретар и на Српскато научно друштво.

Таквата разновидна животна биографија, го одредувал во најголема мерка и неговиот понатамошен интелектуален склоп. При основањето на Српската кралска Академија 1886 година избран е за еден од првите нејзини редовни членови –

Академици. Самата Академија внатре била поделена на четири дела, тој бил во делот на филозовските науки каде во секој дел имало по четири члена. Новаковиќ бил доста активен и продуктивен во работата на Академијата. Со неговата научна работа и плодно творење, тој се добил со голем почит кај неговите современици посебно во Академијата[160]. Со решение од 1 февруари 1906 година, е поставен за претседател на Академијата и на таа положба останува се до неговата смрт[161].

Занимавајќи се со книжевните и научните дејности, Новаковиќ посебно соработувал со научните весници на Српското учено друштво и Српската кралска академија. Секако во она што го запишал, мислел и направил во тој период, Новаковиќ оставил впечаток како впечатлив, авторитетен и цврст научник, подеднакво добар и во приодот, анализата, и критиката.

Во однос на времето кога делувал, неговите дела сигурно биле изедначени и со останатите европски историографи. Затоа бил познат и признат од страна на многу бројни слависти, стручњаци за право, историчари на јазикот и на старосрпската книжевност. Иако историчар бил по професионалното ангажирање Новаковиќ не го застапувал историцизмот, туку повеќе излегувал како аналитичар, емпирист и критичар. Во проучувањето на српската историја Новаковиќ скоро подеднакво имал интересирање за сите српски краеви. Ако четири камења се темелите на научното истражување, јазикот, историјата обичајното право и антропогеографијата, тогаш во историјата на српскиот народ помеѓу 19 и 20 век името и делата на Стојан Новаковиќ преставувала највисок стручен и интелектуален врв. Научното дело на Стојан Новаковиќ припаѓа на највисоката точка на српската историографска наука.

[160] САНУ, Споменица посвећена 50-годишњици смрти Стојана Новаковића, Научно дело, Београд, 1967.
[161]Http;/ www.SANU.ac.rs. Официјална страница на “Српска Академија  наука и уметности”.

За Стојан Новаковиќ треба да се зборува и како личност од историската наука. Ако историјата е наука од човековото минато и ако по латински значи учителка на животот, тогаш Стојан Новаковиќ бил нејзин следбеник[162]. Тој историјата ја проучувал верно со постојано докажување и објективно толкување и гледање на минатото, без двоумење но на тоа му влијаел секако неговиот сопствен специфичен карактер а и несомнено неговото богато образование. Извесно е и големото влијание што го имал од Леополд Ранке, во поглед на начинот на примање и толкување на историјата. Иако уште во младост го објавил преводот на Историјата на Ранке за српското востание од 1804 година, Новаковиќ се посветил на модерната српска историја тек во касните години на својот живот, потикнат од годишнината на востанието во 1904 година. Тогаш за кратко време од четири години напишал и објавил пет книги. Во тие книги е расправал за турското царство пред самото востание од 1774-1804 година, востанието на дахиите од 1804 година, мировните преговори со Турците од 1806/7 година, воскрснувањето на српската држава и за уставните прашања и закони од времето на Караѓорѓе. Овие трудови кои заедно собрани изнесувале околу илјада и шестотини страни, пишувани се за време на неговиот престој во Сан Петербург како амбасадор, каде ги истражувал руските архиви. Во нив разработувал три главни прашања на српскиот развој: внатрешната криза на отоманската империја, борбата на селанството против феудалното угнетување и политичката сила во источното прашање. Главната причина за востанието Новаковиќ не ја барал во националното движење и идеологијата, која покасно се јавила во српското движење, туку тој ги

[162] Jelavich, Charles, ... 1992. Новаковиќ е можеби после Караџиќ водечка личност на српскиот народ и неговата историја.

детектирал кај очајно лошата состојба на селанството под турската управа.

Новаковиќ не напишал мемоари, но оставил сведоштва за кризите и политичките настани во кој лично и непосредно учествувал. Пишувал за српско-бугарската војна од 1885 година, за кризата предизвикана од австриската анексија на Босна и Херцеговина од 1908 година и на широко ја прикажал дваесет годишната борба за уставност во Србија (1883-1903). Олимписки воздигнат пробал да ја сочува непристрасната улога на историчар кој за себе говорел во трето лице. Секако, како што е често случајот со личното раскажување, не бил секогаш успешен во тоа.

Целокупната работа на Новаковиќ била на еден полиисторик. Продирал во многу научни дисциплини и зафаќал долги историски периоди. Со тоа бил и во една предност но воедно бил и жртва. Предноста била во невиноста на српската историографија која била скоро и не допрена до пред него. Каде и да копнел во богатото поле на српското минато, наоѓал богата руда. Благодарејќи на тоа можел лесно да влезе во главните делови на српската историја. Меѓутоа богатството на материја имала и свои негативности, тоа го навело Новаковиќ само да копа по површината оставајќи ја длабочината. Тоа било и цената која ја платил со својата прикажана продуктивност и веќе создадениот квантитет во однос на квалитет. Еден од неговите помлади современици Слободан Јовановиќ[163], забележал дека Новаковиќ секоја вечер носел со себе од канцеларија по едно ново дело. Неговото пишување било обилно, егзактно и суво. Французите кажале стилот е огледало на човекот. Новаковиќ бил крупен, коскест и подгрбавен со оглед на годините поминати врз

[163] Љушиќ, Радош, Србија ..., Слободан Јовановиќ (1869-1958) спаѓа во редот на ретко плодните српски интелектуалци, кои со своето перо дал голем број на биографии и портрети на бројни личности од нашата и европската политика и култура.

машината за пишување[164]. Неговиот стил подсеќал на неговиот телесен состав, кој бил тежок фактографски и развлечен. Новаковиќ го надополнувал недостатокот на уметничкото мечтаење и реторика со своето вродено сеќавање за историјата и способоста да навлезе во срж та на самиот предмет кој го проучувал.

За Стојан Новаковиќ може да се каже дека бил еден од најголемите толкувачи на минатото, со обемноста на сопствените научни трудови тој покажал дека само многу мали делови од историјата му останале непознати.

Новаковиќ како историчар бил свесен дека српското прашање, само за себе е од споредно значење за европските сили. За да се привлечело вниманието на Европа, било потребно соединување на балканските сили кои би станале активен фактор во Источното прашање. Тоа било лекција која во младоста ја учел од кнезот Михаил и Илија Гарашанин. Во неговата книга “Балкански прашања”, Новаковиќ го искажал своето мислење за наоѓање на конкретно решение за сите балкански народи. Потребата за единствен пат за слобода бил можен единствено со заеднички договор, но и со уништување на меѓусебниот раздор. Умниот државник заклучил дека „никој не може да му штети на другиот, а со тоа да не си направи и на самиот лошо".

Интересно е тоа што за историчар, тој не ја градел оваа федерација на основа на старите традиции, ниту на основа на современите етнографски карти, туку само на основа на меѓусебна рамнотежа на балканските држави. Одбивноста на балканските држави за нивен општ интерес наместо нивните лични посебни тежнеења биле силна пречка за било каков

[164] Јовановић, Слободан, Влада Милана.....120. Новаковиќ по струка бил филолог, кој билсо своите наочари и тешко движење, професорска природа. Имал огромна сила за работа и многу системи за работа, но колку и да бил вреден и енергичен во канцеларијата, толку надвор од неа бил незгоден и крут.

договор. Така тој морал како реален политичар да се подреди на стварноста.

Новаковиќ своето огромно знаење како историчар, како одличен познавач на односите во Европа, но и многубројните податоци за настаните на Балканот до кој доаѓал со текот на секојдневната работа, ги искористил да излезе со свои предлози и да даде вистински решенија и правци врзани со иднината на српскиот народ.

Стојан Новаковиќ и како политичар-државник и како историчар-писател ги прател современите настани, давал политички коментари и истовремено ја оценувал нивната смисла. Како современик на многу големи настани од егзистенционално значење по националните интереси на српскиот народ, тој покажувал една посебна само за себе својствена ангажираност.

# Заклучок

Интересирањето на Стојан Новаковиќ за политичките случувања во далечното и блиското минато на српскиот народ било непрекинато. За тоа сведочат неговите големи научни дела кои се мерат во стотици библиографски единици, но исто и неговото наследство во записи, забелешки, концепти, како и допишувања со многу личности. Стојан Новаковиќ влезе во редот на великаните на српската историја, првенствено од неговото свесно настојување, кое траело колку и неговиот живот, да се обиде самиот да се надмине. Непрекинато работел без да има во предвид до каде стигнал со своето образование, не престанал да присвојува нови знаења ниту кога имал стекнато име.

Тој бил лидер на политичка партија, политичар, дипломат, филолог, историчар и книжевник, но неговиот работен профил може да се опише со еден поим - тој е еден од најголемите национални работници на Србија.

Во низата на истакнати луѓе биографите можат да потцртаат два типа на личности. Животот на едните личности се одвива во немирни, спектакуларни времиња во кој доаѓаат до израз нивните посебни особини и постигнувања, сложеност на настани, карактери и работна возбуденост на биографот, но и на читателите со својата енергичност и драма. Другиот тип на истакнати луѓе припаѓаат на творци чиј живот се одвива по стабилен, рамномерен тек кои ги следи целиот живот. Нивниот успех е резултат на организирано работење.

Стојан Новаковиќ припаѓал на втората група на луѓе. Неговиот живот се одвивал без поголеми потреси, во

непрекината нагорна линија. На 16 годишна возраст го објавува првиот научен труд. Во наредните 50 години неговата библиографија ќе опфати околу четиристотини научни трудови и студии, а меѓу нив околу 50 книги. Ако би се зафатиле со статистика, неговиот научен труд би изнесувал просечно по 1 книга годишно и осум научни студии.

Како долгогодишен претседател на Српската кралска академија на науките, Новаковиќ бил патријарх на модерната српска историографија. Но тоа не било се бидејќи бил и политички активен во својата земја. Како лидер на Напредната партија, Новаковиќ 2 пати бил претседател на влада, 5 пати министер и околу 12 години ја преставувал својата земја како амбасадор во Цариград, Париз и Петербург. Како претседател на влада донел неколку закони, го реформирал образованието во Србија, составил еден нацрт на устави и издал стотина закони и акти. Во Српската академија на науки и уметности постоел посебен одбор за средување и проучување на илјадниците писма на Новаковиќ опфатени со научни и политички прашања. Секој човек би се запрашал од каде наоѓал енергија и време за толку обемна работа. Одговорот бил едноставен. Секој негов работен ден започнувал во 8 часот и завршувал во 18 часот. Тоа било негово секојдневие во текот на своите 50 години на творење и создавање.

Новаковиќ е роден 1842 година во Шабац во скромна занаетчиска фамилија. Основно училиште завршил во своето родно место, додека гимназија и Лицеј(правен смер) завршил во Белград. Откога ги завршил студиите, Лицејот е претворен во Голема школа, каде што предавале многу истакнати професори како Ј.Панчиќ, Џ.Даниќ др. Од сите професори најголем впечаток врз младиот Новаковиќ остава токму Даниќ.

Новаковиќ влегол во политика како припадник на либералната струја на Ј.Ристиќ(1873), но кон средина на 70-те се пренасочил кон конзервативците. Неговиот конзерватизам може да се разбере како политички напредок кој треба да се постигне со организирана работа и со законски реформи.

Во 1885 година ја започнал својата прва дипломатска мисија, како научник со препознатливо име и како политичар на кого му биле познати луѓето и ситуациите во последните две децении во Србија. Тој ја претставувал Србија како амбасадор во Цариград до 1892 година. Во Цариград, град каде се вкрстувала и кршела српската иднина и минато, тој ја проучувал Турција во минатото, а како амбасадор, работел на создавање на политичка основа за навлегување на Србија во Македонија (во тоа време под Турција). Во Цариград каде се покажал како доста упорен и непопустлив во водењето на преговорите, најмногу допридонел за отварање на српски конзулати и училишта во Турција - во делот на етничка Македонија. Покрај тоа започнал и политика на приближување на Србија кон Грција и Цариградската патријаршија.

Во почетокот на 1882 година, Новаковиќ се вратил во Србија и ја формирал Напредната политичка партија и влада, станал претседател на Државниот совет и од таа позиција продолжил со напорите за подобрување на положбата на Србите. Врз основа на тоа подоцна биле објавени царски наредби за отварање на српски училишта во Турција и за слободно печатење на училишни книги за тамошните Срби. Како претседател на владата од (1895- 1896) Новаковиќ ја прекинал традицијата на сопствената политичка партија и застанал на страната на оние кои иднината на Србија цврсто ја поврзувале со политиката на Русија. Тој период може да се смета како круна на неговата дипломатска работа.

Со објавувањето на неговите први книги Новаковиќ ги удрил темелите на едно ново движење и еден нов правец на проучувањето на сопствената национална револуција на најширока основа.

Новаковиќ бил аристократ по интелектот и по агинитетот. Како вреден, методичен и лишен од страсти, неговите емотивни сограѓани го доживувале како ладна личност. Пред се бил научник, па потоа политичар. Опчинет со високата наука, само задоволен во историското истражување, верувал само во својата работа, суд и правда. Не можел да застане пред предизвикот на историјата која се простирала пред него и да не ја фати со силата на своите богати мисли. Иако голем и славен како научник, сепак не бил сакан од народот како политичар. Одалечен во својот однос спрема сопствените сограѓани не бил способен да работи со масата како со книгите. Живеел изолирано во светот на науката, далеку од светлоста на јавната сцена. Пред неговата смрт ја задолжил својата нација со своите идеи кои биле со непомирлива издржливост. Но релната слика за неговиот профил можеби ја дал новинарот на „Neue Freie Presse" кој во едно негово интерјву истакнал „кога беше најтешка ситуацијата во Србија после анексијата единствен човек кој можеше да се најде во Србија за да застане на чело на државата и да ја води беше Стојан Новаковиќ".

Новаковиќ тивко го напуштил овој свет на 18 февруар 1915 година, во седумдесет и третата година од својот живот.

На крај Стојан Новаковиќ бил значаен и за македонското прашање и историја. Како што видовме поради неговата политика кон југ, директно кон територијата на Македонија, тој ќе биде главниот деец, инструктор и раководител на целата операција. Преку српската пропаганда која била водена од него и неговите наследници ќе се запознаеме директно со делувањето на

српската, но и со останатите две сили на пропаганди - бугарската и грчката чии односи и релации во тој период биле длабоко навлезени во Македонија и на тој начин и денес можеме да ја сознаеме реалната вистина и настани за тој период.

# Содржина

Вовед------------------------------------------------------ 3

**Глава 1**

Школувањето на Стојан Новаковиќ---------------------5

**Глава 2**

Дипломатската работа на Стојан Новаковиќ-----------14

2.1*Во Париз и Сан Петерзбург*---------------------------
44

2.2*Лондонската конференција*-----------------------------
49

**Глава 3**

Политичар-----------------------------------------------54

**Глава 4**

Интелектуалец------------------------------------------79

**Заклучок**--------------------------------------------------93

**Библиографија**------------------------------------------104

## *Користени извори и литература*

### *I Користени извори*

**а) Необјавени извори**

Архив на Македонија:

- Архив Србије: м-445; м- 598.

**б) Објавени извори**


1.Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија, том 3 книга1 1986 година,

2.Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија, том 4 книга2 1986 година,

3.Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија, том 4 книга3 1987 година.

4.Граѓа за Историјата на Македонскиот народ, од архивот на Србија, том 5 книга 1 1988 година.

5.Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913,Архив на Македонија, Скопје, 2000.

## *Користени литература*


1. Andrew, Rossos, Macedonia and Macedonians, Hoover instiutuion press, Stanford. 2008.
2. Banac, Ivo, The National Question in Yugoslavia: Origins, History, Politics, Cornell University Press, New York, 1984.
3. Barać, Dragan, "Osnove teorije bibliotekarstva Stojana Novakovića."Glasnik Narodne Biblioteke Srbije. 2000.
4. Bjelic, Dusan, and Savic, Obrad, Balkan as metaphor,London, 2002.
5. Батаковиќ, Душан, О политичким идејама Стојана Новаковића , Стојан Новаковић у спомен, Српска књижевна задруга, Београд, 1996.
6. Бригиски, Јован, Масони бревијар за древното братство, Култура, Скопје, 2006.
7. Војводић, Михаило, Стојан Новаковић и Владимир Карић, Clio, Београд, 2003.
8. Војводић, Михаило, Путеви српске дипломатије, Clio, Београд, 1999.
9. Vojvodić, Mihajlo. "Stojan Novaković o uticajima na srpski jezik i književnost."Istoriski casopis, Beograd, 2004.
10. Vucinich, Wayne, Serbia betwenn East and West, Oxford University Press, London. 1954.
11. Gross, Mirjana, Vladavina Hrvatsko-Srpske koalicije, Institut drustvenih nauka, Beograd, 1950.
12. Dalrimple, R. George. Lafan, The Guardians of the Gate, Oxford University Press, Oxford. 1918.
13. Daskalov, Roumen, The making of a Nation in the Balkans, CEU Press, Budapest, 2004.

14. Дедијер, Владимир, Милорад Екмеќич, Иван Божич, Сима Чирковиќ : Историја Југославије, Просвета, Београд, 1972.
15. Derry T. K. and T. L. Jarman, The European World 1870-1975, Bell&Hyman, London,1980.
16. Dzambazovski, Kliment, Novi prilozi istoriji kulturno-politickoh odnosa makedonskog I srpskog naroda u XIX veku.Skopje. 1962
17. Доклестиќ, Љубиша, Српско-македонските односи во XIX–от век до 1897 година, Нип. Нова Македонија. Скопје, 1973.
18. Ѓорѓевић, Владимир, Србија и Грчка 1891-1893, Српска краљевска академија, Београд, 1923.
19. Ѓорѓевић, Владан, Успомене, Ињат Даниђић, Нови Сад, 1927.
20. Екмечиќ, Милорад, Стварање Југославије, т.1 и 2, Просвета, Београд, 1989.
21. Eliot, Charles, Turkey in Europe, Edward Arnold, London. 1908.
22. Живановић, Живоја, Политиђка историја Србије, Књига 2 Геце Кона, Београд, 1924.
23. Живановић, Живоја, Политиђка историја Србије, Књига 3 Геце Кона, Београд, 1924.
24. Живановић, Живоја, Политиђка историја Србије, Књига 4, Геце Кона, Београд, 1924.
25. Jacob Gould Schunman, Balkan wars 1912 - 1913, Cosimo classics, New York, 2005.
26. Јелавић, Барбара, Историја на Балканот, том II, Лист, Скопје, 1999.
27. Jelavich, Charles, Jelavich Barbara, The Establishment of the Balkan National States 1804-1920, University of Washington Press, Seattle and London. 1992.
28. Јовановић, Јован, Борба за народно ујединење 1903-1908, Геце Кона, Београд, 1938.
29. Јовановић, Слободан, Влада Александра Обреновиђа, Геце Кона, Београд, 1931.
30. Јовановић, Слободан, Влада Милана Обреновиђа 1878-1889, Геце Кона, Београд, 1927.

31. Јовановски, Далибор, Пријателски преговори без договор-српско-грчки обид за поделба на Македонија на интересни сфери во 1892/1893г. Институт за Историја, Скопје 2007.

32. Kandić, Ljubica, "Doprinos Stojana Novakovića reformi Velike škole u drugoj polovini XIX veka."Anali Pravnog Fakulteta u Beogradu, 1994.

33. Kostić, Ljiljana, "Značaj rada Stojana Novakovića za obnovu srbistike."Zbornik radova ućiteljskog fakulteta, Užice. 2004.

34. Крестич, Василије, Лушиќ Радош, Србија и ослободилаќки покрети на Балкану од Париског мира до Берлинског конгреса 1856-1878, Српска Академија Наука и Уметности, Белград, 1983.

35. Љушиќ, Радош, Србија 19 век, том 1, Новинско-Издавачки центар, Београд 1998.

36. Љушиќ, Радош, Србија 19 век, том 2, Новинско-Издавачки центар, Београд 1998.

37. Митровић, Андреј, Стојану Новаковићу у Спомен, О Осамдесетгодишњици смрти, Српска књижевна задруга, Београд, 1996

38. Mijatovich, Cedomir, The Memoirs of Balkan Diplomatist, Cassel and Company, Ltd. London, 1917.

39. Новаковић, Стојан, Балканска криза и српско питање, Београд, Штампа, Ст. М. Ивковић и Комп. 1910.

40. Новаковић, Стојан, Балканска питања и мање историско политичке белешке о Балканско полуострово 1886-1905, Државна штампарија Краљевине Србије, Београд, 1896.

41. Новаковић, Стојан, Белешке о Ђуро Даничић, Државна штампарија, Београд, 1885.

42. Новаковић, Стојан, Бугарске школе по Македонији, Отаџбина, Београд, 1888.

43. Новаковић, Стојан, Бугарско-српски рат и оновремене кризе 1885-1886, Краљевска српска штампарија, Београд, 1908.

44. Новаковић, Стојан, Васкрс Државе Српске, Завод за Уџбенике и наставне средства, Београд, 2007.

45. Новаковић, Стојан, Двадесет година уставне политике у Србији 1883-1903, С. Б. Цвијановић, Белград, 1912.
46. Новаковић, Стојан, Изабрани дела, Завод за уџбенике и наставне средства, Београд, 2000.
47. Новаковић, Стојан, Католичка црква у Србији – писма владике Ј.Ј.Штросмајера из 1881-1885, Аце М. Станојевић, Београд, 1907.
48. Новаковић, Стојан, Радови Мемоарског Карактера, Завод за Уџбенике, Београд, 2007...
49. Новаковић, Стојан, Споменица, Српска књижевна задруга, Београд, 1921.
50. Новаковић, Стојан, Срби и Турци у XIV и XV век, Београд, 1893.
51. Новаковић, Стојан, Српска књига њени придавци и читаоци у XIX веку, Државна Штампарија Краљевине Србије, Београд, 1900.
52. Павловић, Стеван, Историја Балкана 1804-1945, Clio; Београд, 2004
53. Pavlowitch, Stevan, Serbia-The history behind the name, Hurst and Co, London. 2002.
54. Petrovicth, Woislav, Serbia her people history and aspirations, George G. Harrap & Company. London, 1915.
55. Поповић, Димитрије, Борба за народно уједињење 1908-1914, Геце Кона, Београд, 1936.
56. Поповић, Павле, Млади Новаковић, Споменица Стојана Новаковића, Српска књижевна задруга, Београд 1921.
57. Продановић, Јаша, Историја политичких страна и струја у Србији,књига 1, Геце Кона, Београд, 1947.
58. Продановић, Јаша, Српски Народ у деветнаестом веку, Геца Кона, Београд. 1932.
59. Протић, Стојан, Одломци из уставне и народне борбе у Србији, Доситеје Обрадовић, Београд, 1912.
60. Растовић, Александар, Велика Британија и Србија (1878-1889), Службени лист, Београд, 2000.
61. Sekulić, Vesna, "Otvaranje ruskog konzulata u Kosovskoj Mitrovici." Bastina. 2000.

62. Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р. Х. Татарчев, Култура, Скопје, 1995.
63. Станојевић, Станоје Историја Српског Народа, Жарко Албуј, Београд, 2000
64. Stavrianos, Leften, The Balkans since 1453, Holt, Rinehart and Winston, New York, 1959.
65. Стефанова, Слава, Международни актове и договори (1648-1918), Наука и Искуство, Софиа, 1958.
66. Стојковић, Момир, Балкански уговорни односи 1876-1928(том 1), Институт за Савремену Историји, Народна мисао, Београд, 1999.
67. Taylor, A, J, P, Struggle for mastery in Europe, Oxford University Press, Oxford,1954.
68. Taylor, A.H.E., The future of the southern Slavs, Dodd, Mead and Company. New York, 1957.
69. Temperley,W. Harold, History of Serbia, G. Bell and Sons Ltd. London, 1919.
70. Терзић, Славенко, Jean-Paul Bled, Evropa I Istocno Pitaje, 1878-1923: Politicke i Civilizaciske Promene, Medzunarodni Naucni Skup 9-11 Decembar 1998, Beograd, 2001.
71. Терзић, Славенко, Србија и Грчка (1856-1903) – Борба за Балкан, Историски Институт, Београд, 1992.
72. Trotsky, Leon, The war correspondence of Leon Trotsky, Pathfinder Press. New York. 1980
73. Филиповић, Станоје, Школовање Стојана Новаковића, Историски архив, Шабац, 1976.
74. Forbes, Nevil, Arnold J. Tojnbee, D. Mitrany, D.G. Hogarth, The Balkans A History of Bulgaria-Srbia-Greece-Rumania-Turkey, Fairbaks, London, 2001.
75. Foster, Fraser, John, pictures from the Balkans, Cassell and Company Limited, London, 1906.
76. Hall. C. Richard. The Balkans Wars 1912-1913. Routledge. London. 2000.
77. Curtis, William Eleroy, The turk and his lost provinces, Fleming H. Revell Company. London. 1903.

78. Чирковић, Сима, Историја и Традиција, Српска књижевна задруга, Београд, 1982.
79. Ћоровић, Владимир, Историја Српског Народа, Ars Libri, Београд, 1997.
80. Чубриловић, Васа, Историја политичке мисли у Србији XIX века, Београд, 1958.
81. Џамбазовски, Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, ИНИ, Скопје, 1960.
82. Џамбазовски, Климент, Стојан Новаковић и Македонизам, Историски часопис, Београд, 1966.
83. Walters, Garison, The Other Europe Eastrn Europe to 1945, Syracuse University Press, New York, 1988.

Весници и списанија

-Политика
-The New York Times
-Times

Интернет

-http//www.Serbian Unity Congress.com
- http//www.njegos.com
- http//www.srpsko-nasledje.co.rs
- http//www.rastko.co.yu
- http//www.sanu.ac.yu
- http//www.Britannica.com
- http//www. Sveti-sava.org.yu